**GAMA GÜÇ SISTEMLERI MÜHENDISLIK VE TAAHHÜT A. Ş. (Turkey)**

**Тужител**

**v**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тужен**

**(ICC случај бр. 26696/HBH)**

# <u>ПРАВНО МИСЛЕЊЕ НА АЦО ПЕТРОВ</u>

04 април, 2023 година

**ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА**
**ВО ПОСТАПКА ЗА ПРЕДСТЕЧАЈНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА**


1. ВОВЕД.....3

2. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО.....5

A. Цел и структура на стечајната легислатива.....5

B. Услови за отворање стечајна постапка.....5

C. Претходна постапка.....7

D. Привремени мерки.....7

E. Видови на стечајни постапки.....9

3. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОЛЖНИКОТ ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА.....12

A. Правна рамка за реорганизација во претходна постапка.....12

B. Уникатни карактеристики на реорганизација во претходна постапка.....12

C. Услови за поведување на предстечајна реорганизација.....13

D. Процес на спроведување на предстечајна реорганизација.....13

4. ПРЕДСТЕЧАЈНА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕТО.....15

A. ТЕ-ТО ги исполнин условите за поведување на постапка за предстечајна реорганизација.....15

B. Реорганизацијата во претходна постапка на ТЕ-ТО е спроведена во согласност со македонското право.....18

C. Планот за реорганизација на ТЕ-ТО ги исполни условите предвидени во Законот за стечај.....33

D. Побарувањата на доверителите на ТЕ-ТО биле третирани во согласност на македонското право.....34

E. Исходот на редовната стечајна постапка на ТЕ-ТО би бил несигурен.....42

## *1. В О В Е Д*

1. Го поднесувам ова Правно мислење за да адресирам одредени точки во однос на Македонското право, по барање на адвокатската куќа којашто ја застапува Република Северна Македонија, White & Case, поведена од страна на Гама Гуч Системлери Мухендисклик Вее Тааххут А.Ш. (Турција) против Република Северна Македонија според правилата на пред Меѓународната трговска комора (International Chamber of Commerce).

2. Шесте главни точки што беа побарани од моја страна да ги адресирам се:

- Како предстечајната реорганизација преземена од ТЕ-ТО се вклопува во пошироката слика на стечајот во македонското право;
- Дали ТЕ-ТО ги исполнил условите за започнување на предстечајна реорганизација;
- Дали предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО е изведена во согласност со македонското право;
- Дали реорганизација на ТЕ-ТО е изведена во согласност со Законот за стечај;
- Дали побарувањата на доверителите на ТЕ-ТО биле третирани во согласност со македонското право; и
- Очекуваниот исход доколку ТЕ-ТО била подложена на редовна стечајна постапка.

3. Притоа, беше побарано од мене да го земам предвид и да одговорам на Правното мислење на Дејан Костовски ("Мислењето на Дејан Костовски"). Во оваа насока, нагласувам дека иако можеби нема директно да одговорам на одредени делови од Мислењето на Дејан Костовски, тоа не треба да значи дека со нив се согласувам.

4. Заклучувам дека постапките за ТЕ-ТО се воделе суштински во согласност со текстот и духот на македонското право. Важно е да се напомене дека овие постапки беа започнати и водени според законски одредби (во однос на таканаречените претходни стечајни реорганизации) кои многу ретко се користеа и применуваа откако беа воведени во македонскиот закон во 2013 година, така што имаше (и останува да има) мала пракса и мал број авторитети да ги водат судовите.

5. Потврдувам дека мислењата изразени во ова Правно мислење се мои и се резултат на мојата независна истрага и анализа. Јас исто така разбирам дека Правото мислење ќе биде доставено како вештачење во арбитражата и дека имам должност спрема Трибуналот да бидам вистинит и точен во однос на моето сведочење.

## ЕДУКАЦИЈА И ПРОФЕСИОНАЛНА ПОЗАДИНА

6. Како што е наведено во мојот *curriculum vitae,* што е во прилог на ова Правно мислење како Додаток 1, јас моментално работам како лиценциран стечаен управник и член во Комората на стечајни управници на Република Северна Македонија, како и сум основач на Друштво за консалтинг ПЕКОНС ДООЕЛ Скопје, што работи со консултирањето во областа на стечајното право и стечајни постапки.

7. Јас бев претседател на Комората за стечајни управници од 2007 година до 2022 година.

8. Започнав со работа како стечаен управник во 1996 година, фокусирајќи се на стечаи на поголеми компании со различни дејности (вклучувајќи агрикултура, градежништво, телевизија, прехрамбена индустрија, фармацевска индустрија, металургија и останати). Бев назначен како стечаен управник во повеќе од 180 стечајни постапки, од кои една од нив беше стечајна постапка со План за реорганизација.

9. При воведувањето на стручниот испит за овластен стечаен управник, бев дел од првите шест стечајни управници на Република Северна Македонија кои се стекнале со титула овластен стечаен управник. Следствено на тоа, во 2002 година го основав Друштвото за консалтинг ПЕКОНС ДООЕЛ Скопје, во кое во моментот се вработени три стечајни управници, фокусирајќи се исклучиво во областа на стечајното право.

10. Како стечаен управник сум учествувал во голем број активности поврзани со стечаи и стечајни постапки, вклучувајќи:

- Предавач во повеќе работилници организирани од Комората за лиценцирани стечајни управници, Академијата за судии и јавни обвинители, Адвокатската комора, Комората за вештаци и останато;
- Предавач на постдипломски студии за деловно право на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Факултет „Јустинијан Први" Скопје;
- Автор на повеќе трудови поврзани со стечај во повеќе правни списанија;
- Член на работна група во однос на најновите правно-креирачки активности за законот за стечај во Република Северна Македонија;
- Член на работна група формирана од Владата на Република Северна Македонија за предлагање на мерки за подобрување на рангот на Република Северна Македонија во извештајот на "Doing Business", во однос на легислативата за стечај.

## 2. СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВО

11. Во овој оддел давам преглед на стечајните постапки според македонското законодавство и ги опишувам различните видови стечајни постапки, вклучително и таканаречената постапка за „предстечајна реорганизација" што беше предмет на случајот на ТЕ-ТО.

### A. Цел и структура на стечајната легислатива

12. Во Република Северна Македонија стечајот и Стечајната постапка се регулирани со Законот за стечај (во понатамошниот текст: ЗС).[1] Со ЗС се уредуваат целите и условите за отворање на стечајната постапка; органите на стечајната постапка; управувањето и располагањето со имотот што влегува во стечајната маса; намирувањето на побарувањата на доверителите во стечајната постапка; правните последици од отворањето на стечајната постапка; планот за реорганизација; личното управување; ослободувањето од другите обврски; посебните видови стечајни постапки за трговци; стечајни постапки со странски елемент и други прашања во врска со стечајот.[2]

13. Стечајната постапка е посебна вонпарнична постапка. Поради тоа, за сите прашања за кои во ЗС нема посебна одредба, на стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка (во понатамошниот текст ЗПП[3]), кој е општ пропис за сите граѓански судски постапки во Република Северна Македонија.[4]

### B. Услови за отворање на стечајна постапка

14. Членот 5 (1) од ЗС ги уредува условите за отворање на стечајна постапка. Предвидено е дека за да се отвори стечајна постапка над одреден должник мора да е исполнет барем еден од двата алтернативно поставени услови во моментот кога се поднесува предлог за отворање на стечајна постапка, имено:

- стечајниот должник да е неспособен за плаќање или

- на стечајниот должник да му претстои идна неспособност за плаќање.

15. Според ЗС, се смета дека должникот е **неспособен за плаќање** ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање.[5] Постоењето на неспособност за плаќање се докажува со потврда издадена од Централниот регистар, која потврдува дека сметките на должникот (познати како "Жиро" сметки) се блокирани .[6]

---

[1] Во стечајната постапка над стечајниот должник ТЕ-ТО АД Скопје 3 СТ-124/18 и 160/18 од 2018 година, во примена бил Законот за стечај од 2006 година со подоцнежни измени и дополнувања (R-10).
[2] ЗС (R-10), член 1.
[3] Во стечајната постапка над стечајниот должник ТЕ-ТО АД Скопје 3 СТ-124/18 и 160/18 од 2018 година, во примена бил Законот за парнична постапка од 2005 година со подоцнежни измени и дополнувања (R-10)
[4] ЗС (R-10), член 7.
[5] ЗС (R-10), член 5 (2).
[6] ЗС (R-10), член 5 (4).

16. **Идна неспособност за плаќање** постои ако должникот направи веројатно дека своите постоечки парични обврски нема да може да ги исполни по нивното пристигнување.[7] Овој алтернативен услов за отворање на стечајна постапка е новина во македонското стечајно право, воведена со измените на Законот за стечај од 2013 година.[8]

17. Стечајна постапка заснована на неможност за плаќање може да отворат и други доверители. За разлика од тоа, од начинот како е формулирана дефиницијата на **идна** неспособност за плаќање во членот 5(4) од ЗС, произлегува дека стечајна постапка заради идна неспособност може да поведе исклучиво самиот должник. За да има идна идна неспособност за плаќање, жиро сметката на должникот во деловна банка не мора да биде блокирана воопшто во моментот кога тој поднесува предлог за поведување на стечајна постапка, или пак може сметката на должникот да била блокирана помалку од 45 дена. Доволно е должникот да докаже дека му претстои идна неспособност за плаќање-неликвидност во неговото деловно работење во наредниот период.

18. Стечајната постапка **се поведува исклучиво по предлог од овластен предлагач**, а тоа се доверителот, должникот или друго лице овластено со закон. Во име на должникот, предлог за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот - правно лице, може да поднесе **секое лице овластено за застапување на правното лице по закон.**[9] **Органите на должникот** овластени за неговото застапување според закон, **се должни** да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајна постапка.[10]

19. Кога должникот ја поведува стечајната постапка, тој кон предлогот за отворање на стечајна постапка ќе приложи **и докази** предвидени со закон за исполнети услови за отворање на стечајна постапка.

20. По приемот на предлогот за отворање на стечајна постапка, стечајниот судија спроведува испитување на уредноста на предлогот, односно дали предлагачот ги доставил сите докази за да може да се постапува по предлогот. Доколку стечајниот судија утврди дека предлогот не е целосен и не се поднесени сите потребни докази, стечајниот судија ќе го врати предлогот на предлагачот да го уреди во рок кој не може да биде подолг од осум дена. Ако предлагачот во рок од 8 дена не го уреди предлогот или не ги достави потребните докази, стечајниот судија ќе донесе решение со кое го отфрла предлогот. Против ова решение не е дозволена жалба. Доколку предлогот за отворање на стечајна постапка е уреден и заедно со него се поднесени сите потребни докази, стечајниот судија во рок од три дена од денот на поднесувањето на предлогот во судот, односно по уредувањето на предлогот, донесува решение за определување на аванс на трошоци за претходната постапка чија висина не може да биде пониска од 15.000 денари ниту повисока од 25.000 денари. Против решението за определување на аванс не е дозволена жалба.[11]

---

[7] ЗС (R-10), член 5 (5).

[8] Закон за изменување и дополнување на Законот за стечај, објавен во Службен Весник на Република Македонија бр. 79/2013 (R-3) член 2.

[9] ЗС (R-10), член 51 (1).

[10] ЗС (R-10), член 51 (9).

[11] ЗС (R-10), член 53 (1)(2) и (3).

### C. Претходна постапка

21. Првичниот дел од стечајната постапка во кој се испитува дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка се нарекува "претходна постапка". Претходната постапка во ЗС е регулирана со членовите 54 до 73-а). Целта на претходната постапка е единствено да се испита дали постојат законските услови за отворање и спроведување стечајна постапка над должникот.

22. Претходната постапка се поведува со **решение за поведување претходна постапка** за испитување на услови за отворање на стечајната постапка, кое стечајниот судија е должен да го донесе најдоцна во рок од три дена по поднесувањето на уреден предлог за отворање на стечајна постапка од овластен предлагач и по доставувањето на поднесок дека предлагачот го уплатил утврдениот аванс за покривање на трошоците на претходната постапка.[12] Претходната постапка завршува или со донесување на решение од страна на стечајниот судија со кое се отвора стечајната постапка или на решение со кое се одбива предлогот за отворање на стечајна постапка,[13]. Во одредени случаеви, стечајниот судија исто така може да донесе решение со кое се запира поведената претходна постапка (кога судијата ќе утврди дека должникот станал солвентен).[14]

23. Во претходната постапка, стечајниот судија одлучува дали ќе го прифати или ќе го одбие предлогот за поведување на стечајна постапка по одржано рочиште.[15] Рочиштето за испитување на постоењето на услови за отворање на стечајна постапка стечајниот судија го закажува со решението за поведување на претходна постапка. Рочиштето мора да биде закажано за датум кој е најдоцна 30 дена од денот на донесувањето на решение за поведување на претходна постапка.[16]

### D. Мерки за обезбедување

24. Заради заштита на интересот на доверителите, односно заради спречување на можноста стечајниот должник со свои располагања дополнително да ја влоши својата имотна положба и финансиски статус, ЗС ја предвидува можноста во претходната постапка да се определат привремени мерки за обезбедување. Па така, предвидено е дека стечајниот судија може по барање на предлагачот или по службена должност, со решението за поведување претходна постапка да ги определи сите потребни привремени мерки за обезбедување со кои, до донесувањето на решение по предлогот за отворање на стечајна постапка, би се спречило да настанат такви промени во финансискиот статус и имотната положба на должникот кои за доверителите би можеле да бидат неповолни.[17]

---

[12] ЗС (R-10), член 54 (1). Авансот за покривање на трошоците на претходната постапка го определува стечајниот судија со решение (ЗС, чл. 53 (3).
[13] ЗС (R-10), член 66 (1).
[14] ЗС (R-10) , член 66 (3). Решение за запирање на поведената претходна постапка стечајниот судија донесува единствено ако утврди дека до завршувањето на претходната постапка
[15] ЗС (R-10), член 66 (1).
[16] ЗС (R-10), член 54 (2).
[17] ЗС (R-10), член 58 (1).

25. Овие мерки за обезбедување стечајниот судија може да ги определи и пред да го донесе решението за поведување на претходна постапка.[18]

26. Именувањето на **привремен стечаен управник** е една таква мерка предвидена во ЗС,[19] која што често се користи во праксата.[20] Привремениот стечаен управник се именува од листа на овластени стечајни управници.[21] Членот 31 (2) од ЗС, што го наложува користењето на методот на електронска селекција од листа на стечајни управници во т.н. "редовна стечајна постапка" не се применува при избирањето на привремен стечаен управник во претходна постапка. Ова е затоа што привремен стечаен управник се именува во решението за поведување на претходна постапка од членот 54 (1) од ЗС, а (целосниот) стечаен управник се именува со решението за отворање на стечајна постапка согласност со чл. 69 (1) од ЗС. Одредбата од членот 31 (2) од ЗС предвидува обврска за задолжителна примена на методот на електронско избирање од листата на стечајни управници единствено за изборот на стечајни управници, од што се заклучува дека истата не важи за привремените стечајни управници. За разлика од тоа, во случај кога се врши именување на привремен стечаен управник во постапка за предстечајна реорганизација по претходно подготвен план за реорганизација од должникот (посебна постапка што ја дискутирам подолу), изборот се врши по методот на електронски избор од редот на стечајните управници кои се регистрирале во судот и имаат специјалистички познавања од областа на планот за реорганизација.[22]

27. Ако стечајниот судија со решение именува привремен стечаен управник, помеѓу другите обврски предвидени со закон и определени со решението, стечајниот судија, може да побара од привремениот стечаен управник како стручно лице да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање.[23] Привремениот стечаен управник воедно е должен да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.[24] Тогаш, на рочиште за изјаснување по предлогот, се разгледува извештајот на привремениот стечаен управник и доколку се исполнети условите за тоа, стечајниот судија носи решение за отворање на стечајна постапка над должникот, или се одбива предлогот за поведување на стечајна постапка, или пак се запира поведената претходна постапка.[25]

28. Должноста на привремениот стечаен управник престанува со завршувањето на претходната постапка. Доколку стечајниот судија на крајот од претходната постапка, по одржувањето на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка донел решение за отворање на стечајна постапка согласно членот 66 (1) од ЗС, стечајниот судија во истото

[18] ЗС (R-10), член 58 (3).
[19] ЗС (R-10), член 58 (2) 1).
[20] На пример: Решение на Основниот суд во Велес за поведување на претходна постапка Ст. бр. 37/2021 од 30.12.2021 година, со која е именуван привремен стечаен управник (Сл. Весник на РС. Македонија бр. 2/2022, Оглас бр. 74 (R-13), стр. 1; Решение на Основниот суд во Битола за поведување на претходна постапка Ст. бр. 187/21 од 29.12.2021 година, со која е именуван привремен стечаен управник (Сл. Весник на РС. Македонија бр. 2/2022, Оглас бр. 77 (R-13), стр. 2.
[21] ЗС (R-10), член 58 (2) 1).
[22] ЗС (R-10), член 31 (5).
[23] ЗС (R-10), член 59 (2).
[24] ЗС (R-10), член 59 (1) т. 3.
[25] ЗС (R-10), членови 64 и 66.

решение го именува и стечајниот управник на начин и под услови утврдени со ЗС за именување на стечајни управници.[26]

### Е. Видови на стечајни постапки

29. Откако ќе се отвори стечајната постапка, стечајниот управник подготвува писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и причините за таквата состојба и истиот го презентира на првото собрание на доверителите (извештајното собрание).[27]

30. На извештајниот собрание, а врз основа на извештајот на стечајниот управник за економско-финансиската состојба на должникот, доверителите кои дејствуваат како Собрание на доверители одлучуваат дали деловниот потфат (претпријатие) на должникот ќе биде затворен (ликвидиран) или привремено продолжен. Доколку одлучат да го продолжат деловниот потфат на должникот, доверителите во исто време бараат од стечајниот управник да изготви план за реорганизација.

31. Соодветно, според ЗС[28], стечајната постапка може да се спроведува на два начини : (1) Ликвидација на деловниот потфат, и (2) Реорганизација. Ги објаснувам двата видови на постапки долу.

#### 1) Ликвидација на деловниот потфат

32. Ликвидација на деловниот потфат или ликвидација на должникот е постапка со која или (i) се впаричува (се продава) имотот на должникот и добиениот износ се распределува пропорционално меѓу стечајните доверители или (ii) се врши поделба на имотот меѓу доверителите без претходно истиот да се продаде.[29]

Доколку Собранието на доверители донесе решение за затворање на деловниот потфат (ликвидација) истовремено ќе го определи начинот на монетизација на стечајната маса.

33. Доколку се донесе решение за затворање (ликвидирање) на деловниот потфат и претворање на имотот на должникот, имотните права и побарувањата што влегуваат во стечајната маса во пари, стечајниот управник ја спроведува постапката за продажба на имотот на должникот – стечајна маса на начинот и постапката предвидени според ЗС (членови 98, 99 и 100 од ЗС).

34. Во досегашната пракса во Македонија, отворените стечајни постапки обично завршуваат со постапка на ликвидација на деловниот потфат преку продажба на имотот на должникот како стечајна маса.

35. Најчесто продажбите на имот се многу неизвесни, нема интересенти, или нудат премногу ниски цени за имотот –стечајна маса, од причини што стечајната маса е прилично оштетена-обезвреднета и било да е недвижен или движен имот (опрема), истите тие не се во функција на дејноста на должникот и потребни се значителни финансирања за ставање во функција. Од друга страна голем дел од имотот особено суштинскиот – значаен дел за функционирање на

[26] ЗС (R-10), чл. 69 (1).
[27] ЗС (R-10) , чл. 96 (1)
[28] ЗС (R-10), член 3.
[29] ЗС (R-10), член 2 (1) т. 23.

должникот е под залог-хипотека на деловни банки, кои вршат негова продажба посебно и имаат првенствено право на намирување како обезбедени доверители.

36. После три неуспешни обиди за продажба - се врши намирување на доверителите со распределба на имотот.[30]. Ова е најнеповолната варијанта како начин на намирување на доверителите, бидејќи имотот се распределува во идеални делови помеѓу доверителите, кои немаат можност да го продадат како таков и да ги намират своите побарувања.

37. И на крај, со ликвидација, должникот го губи својот субјективитет од причини што се брише од трговскиот регистар, неговиот имот се распарчува и станува уште побезвреден, а намирувањето на доверителите е многу неизвесно и со низок процент.

**2) Реорганизација**

38. Под реорганизација се подразбира намирување на доверителите според усвоен план за реорганизација, во кој должничко – доверителските односи (односно правните односи со доверителите) на должникот се редифинираат или менуваат на друг начин предвиден со планот за реорганизација.

39. Иницијатива за изработка на план за реорганизација (односно предлог план за реорганизација) може да поднесе до судот секој стечаен и обезбеден доверител најдоцна осум дена пред одржувањето на Собранието на доверители. Кога Собранието на доверители нема да ја прифати иницијативата за изработка на план за реорганизација (т.е. предлог план за реорганизација од стечајниот управник до доверителите), согласно со ставовите (2) и (3) од член 97 од ЗС, стечајниот судија донесува решение за затворање на деловниот потфат на должникот и го задолжува одборот на доверители во рок од осум дена да донесе решение за начинот на монетизација на имотот што ја сочинува стечајната маса.

40. Постојат неколку причини зошто реорганизацијата може да биде економски порационална од „обичната“ постапка за ликвидација на деловното претпријатие. Особено:

- Со продолжување на деловниот потфат на должникот, вредностите на континуираната активност остануваат зачувани.
- Може да постојат реални околности за натамошно продолжување на деловниот потфат на должникот, поддржан со економска оправданост.
- Реорганизацијата може да обезбеди поповолно намирување на побарувањата на доверителите во однос на ликвидацијата.
- Доколку доверителите се убедени дека постапката за реорганизација има значително подобри изгледи за порамнување отколку ликвидација, самите доверители ќе помогнат – да придонесат за зачувување на деловниот потфат на друштвото должник.
- За успешна реорганизација потребно е да се предвиди континуитетот во идното продолжување на деловниот потфат преку планови, односно пресметки за ликвидноста/профитабилноста на работењето на должникот.

---

[30] ЗС (R-10), член 99 (4).

41. Реорганизацијата го штити должникот така што:

- на доверителите им наметнува „мораториум“ во присилната наплата на нивните побарувања спрема должникот;
- обезбедените доверители ги спречува (да го активираат намирувањето на побарувањето од обезбедувањето);
- ги прекинува сите поведени судски постапки и присилни извршувања;
- обезбедува откажување на неповолни договори за должникот.

42. Постојат неколку методи на реорганизација во пракса. Реорганизацијата најчесто се спроведува преку:

-**реструктуирање на долговите-обврските** со репрограмирање на обврските према доверителите како деловни партнери и конверзија на некоја или сите обврски на должникот кон доверителите;

- **деловно реструктуирање**;
- **правни мерки**.

## 3. РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОЛЖНИКОТ ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА (Предстечајна реорганизација/Preliminary Bankruptcy reorganization)

### А. Правна рамка за реорганизација во претходна постапка

43. Со измените на ЗС[31] од 2013 година со додавањето на членовите 215-а до 215 –д **за прв пат во македонското стечајно право е воведен нов институт** - реорганизација во претходна постапка според однапред подготвен план од должникот (во понатамошниот текст: „предстечајна реорганизација" или „реорганизација во претходна постапка").

44. Намерата на овие нови законски одредби е да се обезбеди поголема ефикасност во стечајните постапки, како и да се овозможи должникот да продолжи да постои и функционира на пазарот преку преговарање со доверителите за начинот и висината на подмирување на нивните побарувања. Ова му овозможува на должникот да создаде услови **за заштита на својот деловен потфат во случај на неликвидност или идна неликвидност** и за **негова финансиска реорганизација преку договор со своите доверители** пред отворањето на стечајната постапка.

45. ЗС сега пропишува дека должникот кога поднесува предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот исто така може да поднесе и од него самиот подготвен план за реорганизација и да предлага спроведување на постапка на реорганизација. Во тој случај, само се отвара претходна стечајна постапка, се именува привремен стечаен управник и се спроведува постапка во која доверителите треба да се изјаснат дали го прифаќаат планот за реорганизација на должникот. И доколку довеителите на рочиште се изјаснат дека го прифаќаат изготвениот план за реорганзиација, стечајниот судија донесува решение со кое истовремено **ја отвора** стечајната постапка и го **одобрува** прифаќањето на изготвениот план за реорганизација и ја **запира отворената стечајна постапка**.

46. Од воведувањето во 2013 година, предстечајната постапка за реорганизација е користена само неколку пати во Македонија. Покрај случајот со ТЕ-ТО АД Скопје, запознаен сум со само уште два случаи кои се водат во Основниот суд Скопје и кои се однесуваат на предстечајни реорганизации. Една од нив ја вклучи компанијата ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ во 2015 година. Другата инволвирана компанија е ЈАКА 80 АД Радовиш во 2014 година. Јас дејствував како привремен стечаен управник во вториот случај.

### В. Уникатни карактеристики на реорганизација во претходна постапка

47. Во измените на ЗС од 2013 година целосно е уредена и постапката за т.н. реорганизација во претходна постапка[32], кои битно отстапуваат од оние што се предвидени за т.н. „редовна

[31] Закон за изменување и дополнување на законот за стечај, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 79/2013 (R-3).
[32] ЗС(R-10), членови 215-а до 215д

стечајна постапка“ (во кои по отворањето на стечајната постапка доверителите треба да одлучат дали ќе се спроведе ликвидација на деловниот потфат на должникот, или негова реорганизација). За разлика од тоа, суштината на предстечајната реорганизација е тоа што на должникот му се дава можност да поднесе до Судот предлог за поведување на стечајна постапка, заедно со однапред подготвен за план за реорганизација во претходна постапка. Тоа ја одредува и целта на стечајната постапка по таквиот предлог: да се оцени дали се исполнети условите за да се прифати планот за реорганизација на должникот, по што доколку условите се исполнети стечајната постапка се отвара со решение и со истото решение на судот стечајната постапка се затвора.

48. Според измените на ЗС[33] од 2013 година можноста да се поднесе предлог за поведување на стечајна постапка со однапред подготвен план за реорганизација од должникот, му е дадена **исклучиво само на должникот**. Обратно, предлог за поведување на т.н. „редовна“ стечајна постапка над должникот може да поднесат и доверители или друго лице овластено со закон.

49. На постапката за предстечајна реорганизација се применуваат одредбите на ЗС со кои се уредува постапката за реорганизација и планот за реорганизација по отворање на стечајната постапка, освен одредбите од членовите 216, 220, 222, 225, 226, 227, 228, 229, 230, 231, 234, 236, 237, 239 став (4), 241, 243, 244, 245, 246, 247, 248, 249, 250, 251, 252, 253 и 254 од ЗС, кои експлицитно се исклучени. Исклучувањето на примената на најголемиот број на одредби за реорганизација на должникот по отворање на стечајната постапка, јасно укажува на намерата на законодавецот предстечајната реорганизација да се третира како суштински различен вид на реорганизација во кој важат поинакви правила.

### C. Услови за поведување на предстечајна реорганизација

50. Основен услов за поведување на оваа постапка е должникот да е инсолвентен со **блокирана жиро сметка повеќе од 45 дена** или **да му претстои идна неспособност** за плаќање, како и **претходно да изготвил план за реорганизација** и со преговори да обезбедил **мнозинство** на доверителите кои ќе го прифатат планот.[34]

### D. Процес на спроведување на предстечајна реорганизација

51. Постапката за предстечајна реорганизација започнува **со определување на мерки за обезбедување** и закажување на рочиште за одлучување по предлогот и гласање за планот кое треба да се одржи во рок од 60 дена.[35] Во тој период од 60 дена доверителите можат да извршат увид во планот за реорганизација и да поднесуваат приговори по истиот, а должникот е должен да одговори на сите приговори. Планот го изготвува и доставува

[33] ЗС (R-10), член 215-а (1).
[34] ЗС (R-10), член 5.
[35] ЗС (R-10), член 215-г (1) (2).

должникот кој претходно склучил договор со мнозинство од доверителите околу начинот на кој се врши реорганизацијата и околу начинот и висината на подмирување на побарувањата на доверителите.

52. Планот за реорганизација во претходна постапка е законска определба со која се дава шанса –можност на трговските друштва на кои им претстои неизвесна финансиска иднина да го реорганизираат своето работење сè со цел да им се овозможи продолжување на деловниот потфат и понатамошно функционирање во деловниот свет. Имено, трговските друштва на кои им претстои идна неликвидност и опасност од неисполнување на своите обврски спрема доверителите имаат можност навремено да ги пресретнат овие ризици и со поднесување на веќе подготвен план за реорганизација да им понудат на своите доверители систематско исплаќање на долговите преку продолжување на работата наместо ликвидација на имотот и негово впаричување.

## *4. ПРЕДСТЕЧАЈНАТА РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕ-ТО*

Во овој дел, расправам за различните аспекти на постапката за предстечајна реорганизација на ТЕ-ТО. Заклучувам дека постапката била покрената и спроведена прописно, во согласност со македонското право и конзистетно со моето искуство за практиката на македонските стечајни судови.

### А. ТЕ-ТО ги исполнил условите за поведување на постапка за предстечајна реорганизација

**ПРАШАЊЕ 1. Дали согласно Законот за стечај, судот бил должен да го отфрли Предлогот за спроведување Планот за предстечајна реорганизација подготвен од должникот ТЕ-ТО од 24.04.2018 година?**

53. Не. Стечајниот суд не бил должен да го отфрли предлогот, туку имал овластување и обврска да му наложи на должникот да ги отстрани недостатоците. Постапката за предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО која се водела пред Основниот граѓански суд во Скопје под бр. 3СТ-124/18 и бр. 160/18, е постапка за предстечајна реорганизација согласно одредбите од член 215-а до 215-д од ЗС. На рочиштето одржано на 14.06.2018 година е одобрен планот за реорганизација на должникот ТЕ-ТО.[36]

54. Постапката за предстечајна реорганизација бр. 3СТ-124/18 пред Основниот граѓански суд во Скопје е поведена по Предлог од должникот ТЕ-ТО од 24.04.2018 година, кон кој е предложен план за реорганизација подготвен од самиот должник, со приложени докази. Планот бил депониран во стечајното досие на 26.04.2018 година.[37]

**<u>Уредност на предлогот за спроведување на предстечајна реорганизација на должникот ТЕ-ТО, од 24.04.2018 година</u>**

55. Откако ќе го прими предлогот за поведување на предстечајна реорганизација со однапред подготвен план од должникот, стечајниот судија најнапред е должен да ја **<u>испита уредноста</u>** на предлогот за отворање на стечајна постапка и изготвениот план за реорганизација во прилог на предлогот, односно да испита дали Предлогот и Планот имаат содржина како што е предвидено во член 215-б од ЗС, како и тоа дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка од чл. 5 ст. 1 од ЗС.

56. Ако стечајниот судија оцени дека поднесениот предлог за поведување на стечајна постапка со однапред подготвен план за реорганизација од должникот е уреден, во рок од 3 дена од поднесениот уреден предлог стечајниот судија ќе донесе **решение** за поведување на претходна постапка.[38] Во спротивно, **ако судијата оцени дека Предлогот** за поведување на предстечајна

---

[36] Решение бр. 3СТ-124/18 и бр. 160/18 од 14 јуни 2018 година (Exhibit C-15).

[37] Предлог за спроведување план за реорганизација пред отворање на стечајна постапка со план за реорганизација подготвен од должникот ТЕ-ТО (Exhibit C-074).

[38] ЗС (R-10), член 215-г (1).

реорганизација со однапред подготвен план за реорганизација од должникот **е неуреден**, затоа што Предлогот или планот **содржат недостатоци и технички грешки кои можат да се поправат**, стечајниот судија е должен да донесе **решение** со кое ќе му наложи на должникот во рок од осум дена да го уреди и повторно да го поднесе поправениот Предлог и/или план.[39] Во спротивно, доколку недостатоците на Предлогот или планот не можат да се отстранат, стечајниот судија ќе го отфрли Предлогот на должникот за спроведување на предстечајна реорганизација.

57. Во овој случај стечајната судијка Сашка Цветковска утврдила дека Предлогот за поведување на стечајна постапка со план за реорганизација на должникот ТЕ-ТО не е уреден, бидејќи не ги содржи сите неопходни информации, па затоа должникот треба да го уреди предлогот, односно да ги отстрани недостатоците. Со Допис од 30.04.2018 година[40] стечајниот судија го задолжил должникот да го уреди предлогот во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето од Судот, при што му укажал на должникот дека доколку не го уреди предлогот во рокот од 8 дена, судот ќе го отфрли предлогот.

58. Според моето искуство, нема ништо невообичаено во тоа што судот му наложил на должникот да го уреди предлогот, бидејќи истото е изречно уредено во членот 215-в од ЗС. Од формално правен аспект, согласно член 215-в (4) од ЗС, стечајниот судија требал **со решение, а не со допис, да му наложи** на должникот ТЕ-ТО да го уреди предлогот во рок од 8 дена. Но, од суштински аспект, дописот донесен од стечајниот судија (Exhibit C-091), ги содржи сите елементи на Решение со кое **му се наложува на должникот да го уреди** предлогот.

59. Должникот ТЕ-ТО потоа во целост **постапил по задолжението** на стечајниот судија од 30.04.2018 година. Со Поднесок од 02.05.2018 година (во рамките на периодот од 8 дена)[41] **го уредил** Предлогот за поведување предстечајна реорганизација со план за реорганизација подготвен од должникот, кон кој дополнително приложил:

- Доказ за идна инсолвентност: Извештај за економско-финансиска состојба на должникот изготвен и потпишан од претседателот на управниот одбор на должникот и Изјава потпишана од претседателот на управен одбор на должникот од 30.04.2018 година заверена на нотар дека на друштвото-должник му претстои идна неспособност за плаќање;

- Информација од Централниот регистар на Република Македонија од 27.04.2018 година за блокирана сметка повеќе од 45 дена;

- Одлука од Управниот одбор на ТЕ-ТО за изработка и поднесување на предлог План за реорганизација во претходна стечајна постапка на ТЕ-ТО бр.02/3/1 од 12.03.2018 година;

- Записник од Управен одбор број 6 од 12.03.2018 година;

- Писмени докази за остварена коресподенција со доверители за нивно изјаснување околу планот за реорганизација;

[39] ЗС (R-10), член 215-г (4).

[40] Допис од Стечаниот судија Сашка Трајковска до Должникот/Предлагач со налог за уредување на предлогот за отворање на стечајна постапка на должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија од Скопје од 24.04.2018 година, со датум 30.04.2018 година (Exhibit C-091).

[41] Одговор на допис од 30.04.2018 година, со датум 02.05.2018 година (Exhibit C-092).

- Други корекции на Планот за реорганизација.

60. Според моето мислење, со Поднесокот од 02.05.2018 година и со доказите приложени кон него, должникот ТЕ-ТО ја исполнил обврската за уредување на Предлогот за поведување на постапка за предстечајна реорганизација со подготвен план од самиот должник. После поднесувањето на поднесокот, стечајниот судија требало да оцени дека Предлогот и планот се уредни и постапката може да продолжи според одредбите на ЗС. Според моето мислење, по извршеното уредување на Предлогот за поведување на предстечајна реоганизација со план на должникот ТЕ-ТО, стечајниот судија немал основ за отфрлање на Предлогот. Стечајниот судија потоа оценил дека Предлогот и планот се уредни и согласно Законот за стечај донел Решение СТ. бр.124/18 од 02.05.2018 година со коешто одлучил „се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање постапка со поднесен план за реорганизација над должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, со седиште на ул. 515 Скопје Гази Баба"[42].

61. Според моето мислење, стечајниот судија правилно постапил согласно чл. 215-г (1) д ЗС кога го донел Решението СТ. бр.124/18 од 02.05.2018 година за поведување на претходна постапка.

**<u>Дали ТЕ-ТО го исполнил условот за идна неспособност за плаќање член 5 став 1 од Законот за стечај</u>**

62. Како што е наведено погоре во параграфот 14 од ова Мислење, кон предлогот за отворање на стечајна постапка со однапред подготвен план од должникот, должникот мора да достави и докази дека е **исполнет еден од двата алтернативни услови за спроведување на стечајна постапка од членот 5 на ЗС.** Поточно, должникот мора да достави доказ дека е неспособен за плаќање или дека му претстои идна неспособност за плаќање.

63. Во конкретниот случај во предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО, самиот должник ТЕ-ТО како предлагач истакнувал и докажувал дека му претстои идна неспособност за плаќање на постоечките доспеани парични обврски према неговите доверители Bitar Holdings Limited (во висина од 6.894.017.050,00 денари) и ТОПЛИФИКАЦИЈА АД Скопје (во висина од 1.723.641.327 денари) поради што го поднесува и предлогот за спроведување план за реорганизација во претходна стечајна постапка.

64. Во својот Предлог од 24.04.2018 година, ТЕ-ТО приложил доказ дека на ден 19.04.2018 година (пет дена пред поднесувањето на предлогот) имал блокирана трансакциска сметка во времетраење од 38 дена.[43] Иако блокадата на трансакциската сметка во време на поднесување на предлогот била 43 дена (Предлогот е поднесен на 24.04.2018 година), неспорно дека должникот бил неспособен за плаќање на доспеаните обврски, што подоцна се покажало/утврдило како точно затоа што блокадата на трансакциската сметка продолжила и повеќе од 45 дена, за што се приложени докази (потврди од надлежна институција, Централниот регистар).

65. Согласно ЗС[44], на 02.05.2018 година, како дел од Поднесокот доуредување на Предлогот за отворање на стечајната постапка со датум 02.05.2018 година (Exhibit C-092), должникот

[42] Решение на Основниот суд, од 02.05.2018 (С-093), стр. 1.
[43] Предлог за отварање на стечајна постапка со план за реорганизација на ТЕ-ТО, со датум 24.04.2018 (С-074).
[44] ЗС (R-10), член 215-б (2) т.5.

приложил кон планот за реорганизација и вонреден ревизорски извештај во кој целосно е опишана економско-финансиската состојба на должникот ТЕ-ТО, а кој е потпишан од Претседателот на управниот одбор на ТЕ-ТО со изјава заверена на нотар. Според моето искуство, во праксата на македонските судови поднесениот Извештај претставува доказ за идна неспособност за плаќање на должникот.

66. Според моето мислење, должникот ТЕ-ТО докажал дека му се заканува идна инсолвентност, со што е исполнет вториот алтернативен услов за спроведување на стечајна постапка од членот 5(1) од ЗС. Бидејќи бил исполнет најмалку едниот од двата алтернативно поставени услови за отворање на стечајна постапка согласно со членот 5 (1) од ЗС (идна неспособност за плаќање), судот немал основ да го отфрли предлогот и поднесениот план за реорганизација и оттука правилно одлучил да се поведе претходна постапка.

### В. Реорганизацијата во претходна постапка на ТЕ-ТО е спроведена во согласност со македонското право

**ПРАШАЊЕ 2. Дали решението на Стечајниот судија за одредување на привремени мерки за обезбедување не било во согласност со Законот за стечај?**

67. Не. Привремените мерки за обезбедување определени од Стечајниот судија на 26.04.2018 година се во целосна согласност со ЗС и со Македонското право. Со Решението од 26.04.2018 година,[45] а со цел да го заштити имотот на должникот, а со тоа да ги заштити и интересите на доверителите, стечајниот судија согласно членот 58 (3) од ЗС ex officio определил привремени мерки, пред да донесе решение за поведување на претходна постапка со план за реорганизација на должникот. **Моето мислење е дека Решението на Стечајниот судија од 26.04.2018 година не е спротивно на ЗС, поради долунаведените причини.**

68. Во постапката за предстечајна реорганизација по однапред подготвен план од должникот, судот со решение определува (со решение) привремени мерки за обезбедување согласно со одредбите од членовите 58 и 59 од ЗС.[46] Во членот 215-г (2) ЗС, предвидено е дека стечајниот судија има должност да донесе решение со кое ги определува мерките за обезбедување од членовите 58 и 59 од ЗС и именува привремен стечаен управник. Против решението за определување на мерки за обезбедување не е дозволена жалба.

69. Членот 58 (3) од ЗС предвидува дека стечајниот судија може да донесе решение за определување на мерки за обезбедување заедно со решението за поведување на претходната постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка **или пред да го донесе решението за поведување на претходна постапка.**

[45] Решение за определување на привремени мерки за обезбедување, донесено од Граѓанскиот суд во Скопје, со датум 26.04.2018 година (C-089).
[46] ЗС (R-10), чл. 215-г, ст. 2.

70. Се поставува прашањето дали членот 58(3) од ЗС се применува и во постапката за предстечајна реорганизација. Односно, дали стечајниот судија може да донесе решение за определување на привремени мерки за обезбедување и да именува привремен стечаен управник и пред моментот на донесување на решение за поведување на претходна постапка, или можноста за определување на привремени мерки почнува најрано со донесувањето на решение за поведување на претходна постапка?

71. Моето професионално мислење е дека одредбата од членот 58 (3) од ЗС ја надополнува онаа од членот 215-г (2), бидејќи му овозможува на стечајниот судија да донесе мерки и пред донесувањето на решение за поведување на претходна постапка, а заради заштита на интересите на доверителите. Членот 215-г (2) предвидува должност/обврска на стечајниот судија истовремено со донесувањето на решение за поведување на претходна постапка да донесе решение за определување на мерките за обезбедување. Според моето мислење, целта на оваа одредба е да го определи најдоцнежниот момент кога стечајниот судија мора да донесе решение за определување на мерки за обезбедување, но не се исклучува можноста судот да донесе решение за определување на мерки за обезбедување во некој претходен момент согласно овластувањето од членот 58 (3) ЗС. Впрочем одредбата од 215-г(2) изречно се повикува на примена на одредбите од членовите 58 и 59 од ЗС. Или поинаку кажано, одредбите од членовите 215-(2) и од членот 58(3) од ЗС се комплементарни и се надополнуваат. Двете одредби имаат иста цел: заштита на интересите на доверителите преку обезбедување со привремени мерки и именување на привремен стечаен управник.

72. Во тој поглед, не се согласувам со Мислењето на Костовски, каде во ставот 41 се наведува дека со донесувањето на Решението 3 СТ-124/18 за определување на привремени мерки за обезбедување од 26.04.2018 година („Решение за привремени мерки") пред да реши за поведувањето на претходна постапка, стечајниот судија „постапил спротивно на одредбите од членот 215-г од Законот за стечај".[47] Според моето мислење г-дин Костовски греши кога тврди дека според членот Article 215-г (2) од ЗС, во постапката за предстечајна реорганизација мерките за обезбедување можат да се определат само истовремено со донесувањето на решението за поведување на претходна постапка, но не и претходно. Очигледно е дека мислењето на г-дин Костовски не зема предвид дека одредбата од членот 215-г (2) од ЗС се повикува на членовите 58 и 59 од ЗС, како правна основа за определување на мерки за обезбедување во постапка за предстечајна реорганизација. Понатаму, мислењето на г-дин Костовски пропушта дека членот 215-г (2) од ЗС всушност го одредува најдоцнежниот момент (краен момент на рокот) кога стечајниот судија мора да донесе решение за определување на мерки за обезбедување, а не најраниот момент (почеток на рокот). Понатаму, Коментарот на г-дин Костовски на членот 58 од ЗС наведува: *"Решението за определување на мерки за обезбедување, стечајниот судија може да го донесе пред да биде донесено решението за поведување на претходната постапка, заедно со решението за поведување на претходната постапка, што е и најчест случај во судската практика како и по донесување на решението за поведување на претходната постапка".*[48]

73. Понатаму, доколку мислењето на г-дин Костовски се следи во тековната арбитражна постапка, резултатот би бил дека стечајните доверители би биле лишени од заштитата која им ја дава членот 58(3) од ЗС, кој му дава овластување на стечајниот судија да определи мерки за обезбедување веднаш по поднесувањето на предлог за отворање на стечајна постапка и пред да биде издадено

[47] Види: Стручно мислење на Дејан Костовски, Скопје, 25 ноември 2022 година, стр. 10 став 41 (CE-01 EN).
[48] Види: Дејан Костовски, Коментар за законот за стечај, Скопје, 2014 (R-8), стр. 295.

решението за поведување на претходна постапка. Не би можел да смислам логика според која на доверителите во предстечајната реорганизација би им се одземала заштитата која им се дава на стечајните доверители во другите постапки. **Од овие причини, моето мислење е дека Стечајниот судија не постапил спротивно на членот 215-г од ЗС кога го донел Решението за мерки за обезбедување на 26.04.2018 година.**

74. Дополнително, по определувањето на мерките за обезбедување на 26.04.2018 година, стечајниот судија со Решението од 02.05.2018 година со кое е поведена претходна постапка за предстечајна реорганизација над должникот ТЕ-ТО,[49] определил и мерки за обебедување. Овие мерки се определени во согласност со членот 58(3) од ЗС. Во истото решение, стечајниот судија утврдил и дека претходно определните мерки за обезбедување со решението од 26.04.2018 година престануваат да важат со донесувањето на новото решение за поведување претходна стечајна постапка со план за реорганизација на должникот ТЕ-ТО. **Нашето мислење е дека и Решението од 02.05.2018 година во делот за определување на привремени мерки за обезбедување е целосно во согласност со одредбата на член 215-г(2) од ЗС, односно дека Решението не е спротивно на ЗС.**

**ПРАШАЊЕ 3: Дали беше именувањето на Маринко Саздовски како привремен стечаен управник спротивно на правилата за независност и одбегнување на судир на интереси?**

75. Мислењето на Костовски наведува дека Судот при именувањето на привремениот стечаен управник па ТЕ-ТО не ги почитувал овие задолжителни услови од законот и ниту пристапил кон именување на стечајниот управник според методата на електронски избор ниту пак избрал стечаен управник за кој може да се утврди дека има посебно познавање од областа на планот за реорганизација.“[50]

76. Како што веќе е наведено во параграф 26, една од привремените мерки на обезбедување кои можат да се определат во претходната постапка е именување на **привремен стечаен управник,** согласно членовите 58 (2) 1) и 59 од ЗС. И во постапката за предстечајна реорганизација, која е регулирана со членовите 215-а до 215-д од ЗС, исто така изречно е предвидена можноста стечајниот судија да определи привремени мерки за обезбедување, меѓу кои и именување на привремен стечаен управник.[51] Во постапката за предстечајна реорганизација, ЗС предвидува изречно дека привремениот стечаен управник ги извршува должностите кои се определени со решението на стечајниот судија за именување на управникот, а по потреба може да биде задолжен да ги испита сите податоци на кои се засновува изготвениот план за реорганизација.[52]

77. ЗС предвидува изречно дека именувањето на привремениот стечаен управник во постапка на предстечајна реорганизација се врши по пат на електронско избирање на стечајни управници кои имаат посебни знаења од областа на планот за реорганизација.[53] Оттука произлегува дека за

---

[49] Решение за поведување на претходна постапка на Граѓанскиот суд во Скопје бр. "СТ-124/18, со датум 02.05.2018 година (С-093).
[50] Expert Opinion of Dejan Kostovski, Skopje, 25 November 2022, page 11, para 46. (CE-01 EN)
[51] ЗС (R-10), член 215-г (2).
[52] ЗС (R-10), член 215-г (2).
[53] ЗС (R-10), член 215-г (2) и член 31 (5).

разлика од именувањето на привремените стечајни управници од т.н. „редовна претходна стечајна постапка“, во постапката за предстечајна реорганизација постои законска обврска за примена на методот на електронско избирање на привремени стечајни управници, при што именуваниот привремен стечаен управник мора да има посебни знаења од областа на планот за реорганизација.

78. Во овој случај, не е применет електронскиот метод на именување. Привремениот стечаен управник Маринко Саздовски е именуван со Решение за определување на привремени мерки за обезбедување, со датум 26.04.2018 година.[54] Видно од Решението, при неговото именување, не е применет електронскиот метод на именување на стечајни управници, иако стечајниот судија бил должен да го стори тоа согласно одредбата од член 215-г (2) од ЗС. Конкретно, членот 215-г (2) посебно предвидува дека именувањето на привремениот стечаен управник во предстечајна реорганизација: а) се спроведува со примена на електронскиот метод на именување на стечајни управници и 2) именуваниот стечаен управник мора да има посебни знаења од областа на планот за реорганизација.

79. Врз основа на моето искуство, многу веројатно е дека стечајниот судија по аналогија именувањето на привремениот стечаен управник Маринко Саздовски го извршил според правилото од членот 58 (2) (1) од ЗС, кое важи за именувањето на привремени стечајни управници во претходна постапка во т.н. „редовни стечајни постапки“, каде како што веќе објаснив погоре, не се применува електронскиот метод на именување. Оваа праткика не е непозната. На пример, идентичен пристап зазел и Основниот суд Скопје II (сегашен Основен граѓански суд) во Решението за поведување на претходна постапка за предстечајна реорганизација спрема должникот ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ увоз извоз Скопје.[55] Во тој случај стечајната судијка Сашка Трајковска го именувала директно лиценцираниот стечаен управник Васил Марков од Скопје за привремен стечаен управник. Имајќи предвид дека Република Северна Македонија (која има 1,8 милиони жители) има многу мал број на постапки за предстечајна реорганизација од воведувањето на овој институт во 2013 година, не е за изненадување судот да прави и технички грешки применувајќи ги одредбите од т.н. „редовни стечајни постапки“ (кои се редовна практика, а каде привремените стечајни управници во претходната стечајна постапка не се именуваат со методот на електронско избирање).

80. Јас исто така не гледам никакво суштинско прашање во поглед на именувањето на Маринко Саздовски. Господинот Саздовски е на листата на лиценцирани стечајни управници од која се избираат стечајни управници со електронскиот метод на именување. Господинот Саздовски е искусен, долгогодишен стечаен управник со широко практично искуство и има водено и води стечајни постапки со голем обем. Во поглед на условот да биде именуван привремен стечаен управник со посебни знаења за план за реорганизација, според моите сознанија, во Република Северна Македонија не е спроведена обука заради издавање на сертификати за таа намена на било

[54] Решение за определување на привремени мерки за обезбедување, донесено од Граѓанскиот суд во Скопје, со датум 26.04.2018 година (C-089).

[55] Решение за поведување претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка и постапка за реорганизација над должникот Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДООЕЛ увоз извоз Скопје, бр. 3 СТ-239/15, донесено од Основниот суд Скопје II Скопје, 09.07.2015 година (R-9)

кој стечаен управник. Во 2014 година, тогашниот Министер за економија, г-н Валон Сарачини донесе „ПРОГРАМА ЗА ПОСЕБНАТА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОБУКА ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА КАКО И ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СЕРТИФИКАТ ЗА ПОСЕБНИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЗНАЕЊА“[56], но според моите сознанија таквата програма никогаш не е имплементирана, ниту пак било каков сертификат е издаден. Од овие причини, во постапката за предстечајна реорганизација на ТЕ-ТО во 2018 година, не било можно стечајната судијка да именува привремен стечаен управник со посебни знаења во областа на планот за реорганизација. Поради тоа, моето мислење е дека во постапката за предстечајна реорганизација на ТЕ-ТО, членот 215-г (2) од ЗС не е повреден со Решението за определување на привремени мерки за обезбедување бр. 3 СТ-124/18 од 26.04.2018 година со тоа што стечајниот судија не именувал привремен стечаен управник со посебни знаења во областа на планот за реорганизација.

81. Исто така, мене не ми се познати било какви околности кои би можеле да доведат до диксвалификување на г-н Саздовски во дадениот случај. Во поглед на независноста на привремениот стечаен управник и по прашањето на судирот на интереси, ЗС многу детално ја регулира улогата на стечајните управници во стечајната постапка, постапката за нивно лиценцирање и именување, правилата за одбегнување на судир на интереси и дава правен основ за натамошно регулирање на професионалните стандарди за работа на стечајните управници[57] и за нивното наградување[58] со подзаконски прописи. Истите правила важат и за привремените стечајни управници, кои според член 58 (2) 1) од ЗС се именуваат од листата на стечајни управници кои се стекнале со звање овластен стечаен управник. Методот на електронски избор на стечајните управници е само еден од механизмите за обезбедување на независно и професионално извршување на должноста на стечајните управници, без судир на интереси. Основното правило за одбегнување на судирот на интереси, кое важи за сите видови на стечајни постапки, вклучително и за именувањето на привремен стечаен управник во постапката за предстечајна реорганизација со план за реорганизација подготвен од должникот, е членот 22 од ЗС во која е регулирано кои лица не можат да бидат именувани воопшто како стечајни управници.

82. Членот 22 од ЗС предвидува:

*„(1) За стечаен управник не може да биде именувано лице:*
*1) роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен, или брачен другар на стечајниот судија и членовите на стечајниот совет;*
*2) солидарен должник со стечајниот должник;*
*3) кое било во договорен однос, акционер или член на орган на управување или на надзорниот одбор на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;*
*4) кое било вработено кај стечајниот должник три години пред покренување на стечајната постапка;*

[56] „Програма за посебната специјалистичка обука за подготовка и спроведување план за реорганизација како и за полагање испит за стекнување на сертификат за посебни специјалистички знаења“, донесена од Министерот за економија Валон Сарачини, бр. 15-1436/1 од 26.02.2014, објавена во Службен весник на Република Северна Македонија published бр. 47/2014 (R-7), стр. 1.

[57] Види: Правилник за професионални стандарди за стечајна постапка, донесен од Министерот за економија на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 119/2006 (С-095)

[58] Види: Правилник за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина, донесен од Министерот за економија на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 47/2014. (R-4)

*5) доверител на стечајниот должник или е вработен кај доверителот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;*
*6) должник на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;*
*7) конкурент на стечајниот должник или е вработено кај конкурентскиот правен субјект, односно кое има каков било конфликт на интерес во однос на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;*
*8) кое работело како советник на стечајниот должник во врска со имотот на стечајниот должник во последните три години пред покренување на стечајната постапка;*
*9) роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четвртиот степен (колено), роднина по сватовство до втор степен на кое било лице кое не може да биде именувано за стечаен управник според точките од 2 до 8 на овој став.*
*(2) Друштвото стечаен управник не може да биде именувано за стечаен управник ако кој било од неговите вработени, кои учествуваат во водењето на стечајната постапка, ги исполнува условите од ставот (1) на овој член."*

83. Во постапката за предстечајна реорганизација со подготвен план за реорганизација од должникот ТЕ-ТО, привремениот стечаен управник Маринко Саздовски, според информациите содржани во документите кои ни беа ставени на увид, не би можел да се подведе под ниту една од категориите на лица од членот 22 од ЗС кои поради судир на интереси не би можеле да бидат именувани за привремен стечаен управник во дадената постапка за предстечајна реорганизација. Поради тоа моето мислење е дека стечајниот управник Маринко Саздовски нема пречки според член 22 од ЗС да биде именуван за привремен стечаен управник во постапката за предстечајна реорганизација со подготвен план за реорганизација од должникот ТЕ-ТО.

84. Во планот за Реорганизација на ТЕ-ТО од 24.04.2018 година (С-013) на страна 20, и во Консолидираниот План за реорганизација од 08.06.2018 година (С-014) на страна 52, стечајниот управник Маринко Саздовски е предложен од должникот ТЕ-ТО како независно стручно лице за спроведување на надзор и контрола над спроведувањето на планот за реорганизација, ако истиот биде одобрен. Имено, според Професионалниот стандард за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација,[59] како независно стручно лице за спроведување на надзор и контрола над спроведувањето на планот за реорганизација по правило се именуваат лиценцирани стечајни управници, но дозволено е како контролори да се именуваат и други лица кои не се лиценцирани стечајни управници. Според моето мислење, не постои законска или друга правна пречка да лицето кое е предложено од должникот во Планот за реорганизација да биде контролор над извршувањето на Планот за реорганизација во одредена постапка за предстечајна реорганизација, да биде именувано и за привремен стечаен управник во таа постапка за предстечајна реорганизација. Во Планот за реорганизација на ТЕ-ТО е предвиден и надомест од 40.000,00 денари месечно (што изнесува околу 800 УСД). Според моето мислење, предвидениот надомест за контролорот над спроведувањето на Планот за реорганизација на Те-ТО е во рамките на Правилникот за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина.[60] Според моето искуство, не сметам дека таквиот надомест е преголем.

---

[59] Правилник за професионални стандарди за стечајна постапка, Професионален стандард за вршење контрола над извршување на планот за реорганизација, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 119/2006 (С-095)
[60] Види: Правилник за наградата и надоместокот на реално потребните трошоци на стечајниот управник и начинот на утврдување на нивната висина, донесен од Министерот за економија на Република Северна Македонија, објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 47/2014. (R-4)

85. Севкупно, јас не гледам основи според кои би можеле да бидат оспорени стручноста и независноста на именуваниот стечаен управник Маринко Саздовски.

**ПРАШАЊЕ 4: Дали Граѓанскиот суд направи грешка при одбивање на предлогот на ГАМА за отповикување на стечајниот судија од 14 јуни 2018 година?**

86. Иземањето на судиите е процесно уредување регулирано во Законот за парничната постапка (членови 64-69). Целта на овој уред е да овозможи спорот да се реши од непристрасен и независен судија.

87. Основите за иземање на судија се содржани во членот 64 и тие можат да се поделат на апсолутни и релативни. Апсолутни основи за иземање се оние чие постоење мора да доведе до иземање на судија. Во присуство на апсолутни основи за иземање, судијата мора да биде иземен од постапување во конкретниот случај.

88. Апсолутните основи за иземање се исцрпно наведени во член 64 став 1 точка. 1-5. Тие се: (1) ако самиот судија е странка, законски застапник или полномошник на странка, ако е поврзан со странката како соовластено лице, сообврзник или регресен должник или ако бил сослушан како сведок или вештак во истиот предмет; 2) ако постојано или привремено работи кај работодавач кој е странка во постапката; 3) ако странката или законскиот застапник или полномошник на странката е во крвно сродство до кој било степен, а во странична до четврти степен или е негов брачен другар, вонбрачен другар или роднина по сватовство до втор степен, без разлика дали бракот престанал или не; 4) ако е старател на странката, посвоител, посвоеник, хранител или издржувано лице на негов законски застапник или полномошник; 5) ако во истиот случај учествувал во одлучувањето на понискиот суд или друг орган.

89. За разлика од апсолутните основи за иземање, релативните основи за иземање ги вклучуваат оние чие постоење може да ја доведе во прашање независноста на судијата. Во ЗПП релативните основи не се исцрпно наведени, но општа одредба е дадена во член 64 ст. 1 точка 6 според која судијата не може да ја врши судиската должност доколку постојат други околности што ја доведуваат во прашање неговата непристрасност. Така, произлегува дека странките имаат простор да ја доведуваат во прашање непристрасноста на самиот судија, под услов да постојат конкретни околности кои ја доведуваат во прашање непристрасноста и независноста на судијата. Се разбира, тоа не значи дека секоја околност ќе доведе до отповикување на судијата и неопходно е странката која бара иземање да воспостави врска помеѓу околноста на која се повикува странката и независноста на судијата.

90. Странките можат да бараат иземање на судиите (види член 66 став 1 од ЗПП). Така, кога судијата ќе дознае дека е поднесено барање за негово иземање, тој е должен веднаш да прекине со работа по предметот и, доколку барањето за иземање се заснова на релативна основа, до

донесување на одлуката за е поднесено барање, тој/таа може да ги преземе само оние дејствија за кои постои ризик поврзан со какво било доцнење.

91. Во стечајната пракса во Македонија, вообичаена пракса е странките (и должниците и доверителите) да поднесуваат неосновани барања за изземање со единствена цел да ја одолговлечат постапката. Во конкретниот случај на реорганизацијата во претходна постапка на ТЕ-ТО, барањето за изземање на судијата беше поднесено од ГАМА на рочиштето одржано на 14.06.2018 година (како што е прикажано во записникот од тоа рочиште)[61]. Основата за изземање, како што е наведено на страниците 4-5 од записникот, се однесува на следната околност:

> "*Сомневањето во непристрасноста на Судот произлегува од фактот што не само што се дава можност на должникот во текот на веќе иницирaн предлог за отворање на стечајна постапка да го менува поднесениот план за реорганизација, кој впрочем е нов план за реорганизација и прифаќањето на судот во рамките на таа реорганизација да се прифати поделба на класа спротивна на законот за стечај, особено во делот на можноста која судот ја дава на поврзаните лица стечајниот должник, поточно неговите акционери и содружници како и доверители од понизок исплатен ред да се вметнат со доверители повисок исплатен ред со тоа што се доведува во целост целта на законот за стечај што претставува коњлективно намирување и заштита на интересите на доверителите а не на стечајниот должник и неговите поврзани лица. Незаконитоста на планот за реорганизација кој судот одбива да го отфрли, и покрај изречната должност за истото, произлегува од фактот што т.н. пречистен текст на планот за реорганизација е поднесен до судот на 06.06.2018 година што значи спротивно на одредбата од член 215 став 2 точка 1 каде што јасно се вели дека планот се поднесува со предлогот, а не по него. Во рамките на т.н. пречистен текст не се содржани суштествените елементи предвидени во ЗС, поточно во рамките на истиот стечаен должник пробува да вметне изјава од мнозински доверители со кои истите го прифаќаат планот за реорганизација понуден и преговаран со истите кој е поднесен со самиот предлог, меѓутоа не предложува изјави за негово прифаќање на новиот т.н. пречистен текст. Воедно, судот прави повреда на ЗС особено на фактот дека иако е поднесен нов план за реорганизација со нови класи, со начин на намирување на доверителите со необезбедени побарувања, со необјавување на оглас на судот за таквиот план и повикување на сите доверители и забелешки на истиот [...]*"[62]

92. Од наведената околност, произлегува дека ГАМА сметала дека поради процесните одлуки донесени од судијата, таа морала да била пристрасна, иако немало докази кои го поддржуваат ова барање освен што судијата одлучил против ГАМА. Приговорот беше сослушан и брзо одбиен како неоснован од страна на заменик претседателот на Основниот суд Скопје II. Дополнително, како што правилно утврди заменик-претседателот на Основниот суд Скопје II,

[61] Записник од рочиштето одржано на 14.06.2018 (C-102).

[62] Записник од рочиштето одржано на 14.06.2018 (C-102) на 4-5.

околностите на кои се повикува тужителот се прашања од процесна природа, за кои постојат соодветни правни лекови пред Апелациониот суд во текот на жалбената постапка.

93. Разбирам дека во параграф 113 од Барањето на ГАМА се тврди дека судијата ја продолжил постапката иако според член 68 од судијата се барало веднаш да ја прекине работата на релевантниот предмет откако ќе дознае за барањето за изземање. Се чини дека ова е неточна изјава на факти. Од Записникот од одржаното Собрание на доверители од 14.06.2018 година, стр. 5, недвосмислено е дека веднаш по поднесувањето на барањето за изземање од страна на ГАМА, судијата ја прекина постапката во 12:00 часот и даде пауза од 1 час за одлучување по барање за изземање. Во меѓувреме, како што е видливо од Решението бр. 03 ИЗЗ бр. 102/2018 од 14.06.2018 година, заменик-претседателот на Основниот суд Скопје II Скопје го одби барањето за изземање како неосновано. Стечајниот судија потоа ги извести странките дека барањето за нејзино изземање е одбиено како неосновано, ги извести дека не е дозволена жалба против тоа решение и одлучи собранието на доверителите да продолжи. Оттука произлегува дека од моментот на поднесување на барањето за изземање до утврдување по него, не е преземено процесно дејствие од страна на судијата, со што изјавите во параграф 113 од Барањето се неточни. Напротив, рочиштето продолжи дури откако беше одбиено барањето за изземање.

94. Според мене, барањето за изземање поднесено од ГАМА беше класичен пример на герилска тактика на разочаран доверител да го спречи одржувањето на Собрание на доверители. Решението со кое се одбива барањето за изземање е во целост во согласност со ЗПП, а постапувањето на судијата е согласно член 68 – постапката е запрена по поднесувањето на барањето за изземање, а продолжила откако е донесено решението за одбивање на барањето за изземање. направени.

**ПРАШАЊЕ 5:Дали г-н Костовски е во право кога тврди дека рочиштето од 5 јуни 2018 година било „Собранието на доверители“ а не „рочиште за одлучување по Предлогот и гласање по планот за реорганизација“[63]**

95. ГАМА, потпирајќи се на Мислењето на Костовски тврди дека не било соодветно Стечајниот судија да одржи Собранието на доверители за преглед на приговорите на доверителите од 05.06.2018[64]. Не се согласувам со таквото тврдење. Рочиштето од 05.06.2018 година е закажано со Решение на Стечајниот судија за поведување на претходна постапка од 02.05.2018 година[65], како „рочиште за одлучување по Предлогот и гласање по планот за реорганизација на должникот“[66]. Тоа е во согласност со член 215-г (1) од ЗС.

[63] Види: Дејан Костовски, Стручно правно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), страна 14, параграф 59.
[64] Дејан Костовски, Стручно правно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), страна 14, параграф 59.
[65] Решение од Основниот Граѓански Суд Скопје, од 02.05.2018 (C-093)
[66] Решение од Основниот Граѓански Суд Скопје, од 02.05.2018 (C-093)

96. Прво, преводот на ставот 59 од Мислењето на Костовски е погрешен. Преводот на англиски гласи:

> „По објавениот оглас, забелешки на планот поднеле повеќе доверители по кои должникот навремено поднел одговори и наместо судот да одржи рочиште за одлучување за предлогот и гласање по планот за реорганизација, донел решение да се одржи Собрание на доверители за разгледување на приговорите на доверителите за да се разгледаат забелешките на доверителите по подготвениот план за реорганизација." (додадено нагласување)

97. Правилниот превод е: "тоа одлучи да одржи Рочиште за Собранието на доверители." (додадено нагласување)

98. Накратко, не е спорно дека е одржано рочиште на 05.06.2018 година. Секако, Exhibit C-018 е насловен „Записник од рочиштето пред Основниот граѓански суд Скопје од 05.06.2018"

99. Второ, во Мислењето на Костовски, во ставот 59, последна реченица, погрешно се тврди дека *„Законот за стечај не предвидува можност на закажаното рочиште за гласање по планот за реорганизација, да се разгледаат забелешките на доверителите по поднесениот план.*" Ваквото тврдење е погрешно од две причини.

100. Првата причина е тоа што Мислењето на Костовски се базира на погрешен превод на членот 215-г(1) од ЗС. Мислењето на Костовски употребува погрешен превод на фразата „рочиште закажано за гласање за планот за реорганизација", додека преводот на самиот Тужител на ЗС (Exhibit C-075) коректно ја преведува дадената фраза како „рочиште за **одлучување по предлогот** и гласање по планот за реорганизација". Мислењето на Костовски ја изоставува референцата на „одлучување за предлогот" од која пак јасно произлегува дека рочиштето е за обете и за одлучување по предлогот и за гласање за планот за реорганизација.

101. Втората причина е во тоа што Мислењето на Костовски нема подлога во ниту една одредба од ЗС. Точно е дека членот 215-г (1) не предвидува изречно дека на рочиштето за одлучување по предлогот и за гласање за планот за реорганизација, можат да се разгледуваат забелешките на доверителите, но тој член не предвидува забрана за тоа. Имајќи предвид дека ЗС изречно им дозволува на доверителите да поднесат забелешки на планот за реорганизација (членот 215-г (5) од ЗС), би било логично Стечајниот судија да овозможи забелешките да бидат изнесени на рочиште пред судот. Би можело да биде поефикасно доколку Стечајниот судија закажел посебно рочиште пред 05.06.2018 година, на кое единствено би се расправало за забелешките на доверителите, а рочиштето од 05.06.2018 година само би се гласало за планот за реорганизација, но не е забрането судот да постапи и поинаку и да дозволи расправа за забелешките на доверителите на рочиштето кога се одлучува по предлогот и се гласа за планот за реорганизација.

102. Членот 215-г (7) од ЗС го овластува стечајниот судија да одржи дури и посебно рочиште на кое „ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со претходно изготвениот план за реорганизација." Во дискрецијата на стечајниот судија е да одлучи дали забелешките ќе бидат разгледувани на посебно рочиште или на рочиште за одлучување по предлогот и гласање за планот за реорганизација.

103. Конечно, разгледувањето на забелешките од доверителите на планот за реорганизација е со цел да се заштити интересот на доверителите и овозможувањето да ги изнесат нивните забелешки на планот за реорганизација на усно рочиште е конзистентно со таквата цел. Со тоа што се допушта за забелешките и приговорите на доверителите да се расправа на рочиштето за одлучување по предлогот и гласање за планот за реорганизација, според моето мислење, е во согласност, а не е во спротивност со ЗС.

**ПРАШАЊЕ 6: Дали стечајната постапка на ТЕ-ТО се водела во согласност со македонскиот право?**

104. Според моето мислење, предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО била спроведена во согласност со македонското право.

105. Како што веќе објаснив, стечајниот судија ја започнал претходната постапка на 02.05.2018. Во предстечајната реоганизација на ТЕ-ТО, согласно член 215-г (3) од ЗС, решението за поведување на претходна постапка е објавено со Оглас од 08.05.2018 година во дневниот весник Нова Македонија,[67] во Службен весник на Република Македонија и на огласна табла на судот. Во објавениот Оглас е содржано:

- Објавени мерки за обезбедување определени со предметното решение.

- Објавено закажано рочиште за одлучување по предлогот и гласање за планот за реорганизација на должникот.

- Објавено е Известување на доверителите дека може да извршат **увид** во изготвениот план за реорганзиација кој е депониран во стечајното досие.

- Повик до сите заинтересирани учесници кои имаат забелешки на предлогот на изготвениот план за реорганзиација со кои се оспоруваат неговата содржина, а посебно основот или висината на опфатените побарувања да ги достават до судот и до должникот во рок од 15 дена од од денот на објавување на огласот во Сл.весник на РМ.

106. Со јавното објавување запазено е начелото на информираност на сите доверители и учесници во оваа постапка, а Огласот е целосно во согласност со 215-г став (5) од ЗС.

107. Одредбите од член 215-а до 215-д од ЗС (како новина од 2013 година) подетално ја регулираат постапката за поднесување план за реорганизација со предлог за отворање стечајна постапка од самиот должник.

---

[67] Оглас на Граѓанскиот суд во Скопје, објавен во Службен весник на Република Македонија, бр. 80/2018 од 05.07.2018 година. (C-094).

108. Согласно ЗС[68] стечајниот судија донесува решение за поведување на претходна постапка и закажува **рочиште** за одлучување по предлогот за отворање на стечајна постапка и гласање за планот за реорганизација на кое ги повикува сите познати доверители на стечајниот должник. Рочиштето мора да се одржи во рок од 60 дена од денот на донесување на решението, во кој рок треба да заврши и претходната постапка.

109. Во предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО, стечајниот судија закажал **рочиште** за одлучување по предлогот за отворање на стечајна постапка и гласање за планот за реорганизација за 05.06.2018 година.[69] По иницијалното одлагање, рочиштето е одржано на 14.06.2018 година[70], што е во рамките на законскиот рок од 60 дена од денот на донесувањето на решение за поведување на претходна постапка.

110. По објавениот оглас, тројца доверители навремено поднеле забелешки и приговори на изготвениот план за реорганизација. Доверителите Топлификација АД и Комерцијална банка АД ги поднеле забелешките и приговорите на 21.05.2022 година,[71] а доверителот Гама на 22.05.2022 година.[72]

111. На ден 30.05.2018 година, должникот ТЕ-ТО со писмен Поднесок се произнел по забелешките на Гама.[73] Притоа прифатил некои од забелешките на Гама, при што најзначајно е дека прифатил во Планот да има само две класи на доверители: обезбедени и необезбедени доверители. Првично предвидените две класи на необезбедени доверители се споени во една класа на необезбедени доверители.

112. Законот за стечај предвидува дека во текот на претходната постапка стечајниот судија може да закаже рочиште на кое ќе се разгледуваат одредени прашања во врска со претходно изготвениот план за реорганизација.[74] Неспорно е дека во предстечајната реорганизација на ТЕ-ТО, рочиштето од 5 јуни 2018 е закажано како рочиште за одлучување за предлогот и гласање за планот од чл. 215-г в.в. чл. 215-д од ЗС. Видно од содржината на Записникот за рочиште одржано на ден 05.06.2018 година,[75] во форма на Собрание на доверители, предмет било **разгледување на забелешките, писмените приговори од доверителите во врска со претходно изготвениот план за реорганзиацијa, што не е во спротивност со Законот за стечај.** Од страна на привремениот стечаен управник е утврдено гласачкото право, односно правото на глас при што е наведено дека сите доверители со обезбедени и необезбедени побарувања имаат право на глас. Видно од содржината на Записникот за истото рочиште од 05.06.2018

[68] ЗС (R-10), член 215-г (1)
[69] Решение од Основниот Граѓански Суд Скопје од 02.05.2018 (C-093), страна 1.
[70] Записник од рочиштето пред Основниот Граѓански Суд Скопје, од 14.06.2018 (Exhibit C-103).
[71] Поднесок на Доверителот Топлификација АД Скопје со произнесување по Планот за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД од Скопје, со датум 21.05.2018 година (C-098); и Поднесок на Доверителот Комерцијална банка АД Скопје ГАМА со забелешки на Планот за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД од Скопје, со датум 21.05.2018 година (C-099).
[72] Поднесок на Доверителот ГАМА со приговори и забелешки на Планот за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД од Скопје, со датум 22.05.2018 година (C-097).
[73] Поднесок од должникот ТЕ-ТО, со датум 30.05.2018 година (C-100).
[74] ЗС (R-10), член 215-г (6)
[75] Записник од рочиште 3 СТ-124/18, од Основен граѓански суд Скопје, со датум 05.06.2018 година (C-018).

година присутни се доверители со 90,19% од вкупно утврдени доверители со признаени побарувања, и неспорно е дека никој од присутните доверители не приговарал кога судот донел решение да се одржи собрание на доверители за разгледување на забелешки и писмени приговори од доверителите во врска со претходно изготвениот план за реорганизација.[76]

113. Од Записникот од рочиштето одржано на 05.06.2018 година исто така се гледа дека приговорите на Планот за реорганизација доставени од доверителите ГАМА, Комерцијална банка и Топлификација биле прочитани. Било утврдено дека должникот ТЕ-ТО ги прифатил делумно забелешките на доверителите, и дека планот за реорганизација мора да претрпи промени. Затоа судот донел решение со кое го обврзал должникот во рок од три дена од денот на одржување на рочиштето да поднесе пречистен текст на Планот за реорганизација во кој ќе бидат вградени забелешките кои биле од суштинска природа и да го достави истиот на доверителите кои биле присутни на рочишитето на увид, со цел истите да можат да се запознаат со пречистениот текст на Планот и да можат да го изнесат нивното мислење по него.

114. Стечајниот судија го одложил рочиштето за одлучување по предлогот и гласање за планот за 14.06.2018 година со цел ТЕ-ТО да достави корегиран – пречистен текст на предложениот План за реорганизација, бидејќи Должникот ТЕ-ТО на рочиштето од 05.06.2018 година се изјаснил дека прифаќа еден дел од приговорите на стечајните доверители.

115. Според моето мислење, неспорно е дека одлагањето е во корист на доверителите, за тие да имаат појасна слика како изгледа конечниот текст на планот за реорганизација со внесени измени кои ги прифатил должникот, за да можат доверителите да гласаат по корегираниот - пречистен текст на планот на рочиштето закажано за 14.06.2018 година.

116. Постапувајќи по задолжение на судот, должникот изготвил пречистен текст на планот со вметнати - прифатени забелешки, планот во благовремен рок бил поднесен до судот на 08.06.2018 година[77] и уредно доставен до сите доверители присутни на собранието на рочиштето од 05.06.2018 година.

117. Не се согласувам со Мислењето на г-дин Костовски, каде е наведено дека „Стечајниот судија по приемот на одговорот од ТЕ-ТО на дописот не побарал тие забелешки да бидат внесени во Планот за реорганизација."[78] Според моето сфаќање, коментарот на г-дин Костовски е дека пропустот на стечајниот судија се состои во тоа што не му дал инструкции на должникот (ТЕ-ТО) да ги вклучи забелешките на ГАМА, за кои должникот се произнел дека ги прифаќа во неговиот писмен одговор на дописот на ГАМА од 22.05.2018 година. Меѓутоа, од поднесените докази кои ги имав на увид јасно укажуваат дека стечајниот судија му наредил на должникот да ги вклучи во Планот за реорганизација сите забелешки од доверителот ГАМА кои се прифатени од должникот прво во неговиот писмен одговор од 29.05.2018 година. Имено, Записникот од рочиштето од 05.06.2018 година открива дека откако доверителите ги изнеле нивните забелешки на планот и

---

[76]Записник од рочиште 3 СТ-124/18 на Основен граѓански суд Скопје од 05.06.2018 година (С-018), стр. 3

[77] Поднесок од Должникот ТЕ-ТО со Пречистен текст на Планот за реорганизација, со датум 07.06.2018 година (С-014).

[78] Стручно мислење на Дејан Костовски, Скопје, 25 ноември 2022 година, стр. 13 став 52. (СЕ-01).

откако должникот изјавил кои забелешки се прифатливи за него, Судот го одложил рочиштето за 14.06.2018 година и донел решение во кое е предвидено дека: „***СЕ ЗАДОЛЖУВА должникот во рок од три дена од денот на одржување на рочиштето да достави коригиран односно пречистен текст на планот на реорганизација и истиот да им биде доставен на доверителите** присутни на денешното собрание на увид со прием како би можеле доверителите да бидат запознаени со содржината на пречистениот текст за да биде јасно утврдено за што ќе се произнесе доверителот и за што ќе гласа.*“[79] Според мене, Мислењето на Костовски е погрешно, во кое тврди дека: „*На овој начин доверителите кои не учествувале во преговорите за прифаќање на планот за реорганизација и им било оневозможен целосен увид во планот за реорганизација и сите корекции што се направени во почетниот текст*". Наведеното Решение јасно демонстрира дека стечајниот судија му наредил на доверителот да подготви пречистена верзија на Планот за реорганизација, но исто така и да има ја достави пречистената верзија на сите доверители кои присуствувале на рочиштето. Значи, доверителите биле во целост запознаени со пречистената верзија на Планот за реорганизација. Всушност, ГАМА поднела и поднесок до Судот со приговори и забелешки на пречистениот план на 12.06.2018 година.[80] Оттука, очигледно е дека доверителите кои не учествувале во преговорите за Планот за реорганизација (ГАМА е еден од нив) имале можност за целосен увид во пречистената верзија на Планот за реорганизација подготвен од ТЕ-ТО.

118. Мислењето на Костовски тврди дека „Стечајниот судија констатира дека дел од забелешките биле од суштинки карактер и дека планот требал да биде променет во на групирање на класите на доверителите и поради тоа да се пристапи кон израаботка на нов план за реорганизација"[81]. Но, според мене, пречистениот текст на Планот за реорганизација на должникот ТЕ-ТО не е нов план за реорганизација, туку е само поправен/пречистен текст на претходно изготвен План за реорганизација од 24.04.2018 година, уреден на 02.05. 2018 година, со измени и дополнувања направени по забелешките и приговорите од доверителите (вклучително и ГАМА во неговиот поднесок од 22.05.2018 година и повторен на рочиштето од 05.06.2018 година). Поточно, промените опфаќаа: спојување на сите необезбедени доверители во една единствена втора класа, наместо да се поделат во две класи (втора и трета). По спроведувањето на оваа измена, во Планот за реорганизација беа предвидени само две класи на доверители (обезбедени доверители и необезбедени доверители), а третата класа доверители беше укината[82]. Оваа промена предизвика голем број други промени на конзистентноста во остатокот од Планот за реорганизација[83].

119. ГАМА поднела понатамошни забелешки на пречистениот текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО од 12.06.2018 година.[84]

---

[79] Записник од рочиште пред Граѓанскиот суд во Скопје 3 СТ – 124/18, со датум 05.06.2018 година, (С-018), страна 11.

[80] Поднесок од ГАМА до Основниот Граѓански Суд во Скопје од 12.06.2018 година со приговори и забелешки на Планот за реорганизација од 6 јуни 2018 година (С-101).

[81] Дејан Костовски, Стручно правно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), страна 15, параграф 61.

[82] Види: Пречистен текст на План за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје бр. 302-685, со датум 06.06.2018 година, (С-014),страна 31.

[83] Види: Поднесок од ТЕ-ТО до Граѓанскиот суд Скопје како одговор на приговорите и забелешките на ГАМА, од 30.05.2018 година (С-100), страници 3-10.

[84] Поднесок на ГАМА со приговори и забелешки на пречистениот текст на Планот за реорганизација на Друштото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД од Скопје, со датум 22.05.2018 година (С-097).

120. На рочиште одржано на ден 14.06.2018 година Собранието на доверители со мнозинство на гласови на доверители поодделно во секоја класа **го прифатил** ревидираниот План за реорганизација.[85] Како резултат, согласно ЗС[86], стечајниот судија со Решение[87] 3 СТ 124/18 и СТ 160/18 од 14.06.2018 година го **усвоил** предлогот за отворање стечајна постапка со план за реорганизација поднесен од должникот ТЕ-ТО ја **отвора** стечајната постапка, го **одобрува** прифаќањето на изготвениот план за реорганизација, и ја **запира** отворената стечајна постапка. Ова беше во целосна согласност со ЗС и македонското право.

121. Со Решение 3 СТ 124/18 и СТ 160/18 од 17.07.2018 година[88] стечајниот судија изврши **исправка** на Решението од 14.06.2018 година така што во наведеното и споменатото диспозитив наместо „план за реорганизација" гласи „пречистен план за реорганизација" (со додавање на зборот „пречистен" пред зборовите „план за реорганизација" во документот).

122. Против решенијата на стечајниот судија од 14.06.2018 и 17.07.2018 година жалби поднеле доверителите Комерцијална банка, Топлификација и ГАМА. Со Решение ТСЖ-1548/18 од 30.08.2018 година,[89] Апелациониот суд Скопје како второстепен суд решавајќи по поднесените жалби на овие доверители, жалбите ги одбил како неосновани, а ги потврдил решенијата на стечајниот судија 3 СТ 124/18 и СТ 160/18 од 14.06.2018 година и 17.07.2018 година. Во образложението на второстепеното решение[90], на страна 16 Апелациониот суд Скопје утврдувајќи ја фактичката состојба констатирал и прифатил дека правилен е заклучокот на првостепениот суд дека во конкретниот случај наводите на доверителот ГАМА дека пречистениот план за реорганизација претставува нов план за реорганизација се неосновани, од причина што не се работи за нов план за реорганизација туку само за корегиран план за реорганизација во кој се вметнати и сите забелешки на доверителите, а со кои забелешки доверителите биле запознаени уште на рочиштето одржано на 05.06.2018 година.

123. Моето мислење е дека Решението на Основниот граѓанскиот суд во Скопје како првостепен суд со кое се одобрува пречистениот План за реорганизација на должникот ТЕ-ТО и Решението на Апелациониот суд во Скопје од 30.08.2018 година со кое се одбиваат жалбите на доверителите Комерцијална банка АД, Топлификација АД и Гама е правилно одлучено дека Планот треба да се одобри и дека пречистениот текст на Планот не претставува нов план, поради што Решенијата се донесени во согласност со одредбите на ЗС и со нив не е повредена ниту една одредба на ЗС.

---

[85] Записник од одржано рочиште пред Граѓанскиот суд во Скопје во предмет 3 СТ-124/18, со датум 14.06.2018 година (C-102).
[86] ЗС (R-10), член 215-д (3)
[87] Решение СТ 124/18 и 160/18 од 14.06.2018 на Основен суд Скопје 2 Скопје (C-015).
[88] Решение СТ 124/18 и 160/18 од 17.07.2018 на Основен суд Скопје 2 Скопје (C-016)
[89] Диспозитив на Решение ТСЖ-1548/18 од 30.08.2018 година на Апелационен суд Скопје (C-017)
[90] Образложение на Решение ТСЖ-1548/18 од 30.08.2018 година на Апелационен суд Скопје (C-017).

**C. Планот за реорганизација на ТЕ-ТО ги исполнил условите предвидени во Законот за стечај**

**ПРАШАЊЕ 7: Дали Планот за реорганизација подготвен од ТЕ-ТО и усвоен од доверителите беше спротивен на ЗС заради тоа што не содржел „детална анализа зошто реорганизацијата била поповолна опција за намирување на побарувањата на необезбедените доверители од повисок исплатен ред, како што е ГАМА, во споредба со опција [на] ликвидација на средства“, како што се тврди во Мислењето на Костовски (во став 21)?**

124. Задолжителната содржина на планот за реорганизација во Планот за реорганизација во претходна постапка е предвидена во членот 215-б од ЗС. Таа одредба не предвидува никаква обврска за должникот (кој го подготвува планот за реорганизација) да вклучи во планот „детална анализа зошто реорганизацијата била поповолна опција за намирување на побарувањата на необезбедените доверители од повисок исплатен ред, во споредба со опција [на] ликвидација на средства“.

125. Затоа, критиката на г. Костовски на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО е без правна основа. Ставовите 21-24 на Мислењето на Костовски не се повикуваат на ниту една одредба од ЗС која наметнува обврска за должникот да обезбеди во планот анализа зошто реорганизацијата би била подобра опција за доверителите од ликвидацијата на средствата на должникот.

**ПРАШАЊЕ 8: Дали Планот за реорганизација подготвен од ТЕ-ТО и усвоен од доверителите беше спротивен на ЗС затоа што наводно не анализира како ТЕ-ТО планира да се справи со идниот ризик, како што се тврди во Мислењето на Костовски (во став 33)?**

126. Задожителната содржина на Планот за реорганизација во претходна постапка е утврдена во членот 215-б од ЗС. Таа одредба не вклучува обврска за должникот (кој го подготвува планот) да вклучи во планот: „анализа како ТЕ-ТО планира да се справи со идни ризици“[91]. Затоа оваа критика од г. Костовски на Планот за реорганизација, повторно е без правна основа. Ставовите 33-34 од Мислењето на Костовски не се повикуваат на ниедна одредба од ЗС, која ќе наметне обврска на должникот да вклучи во планот: „анализа како ТЕ-ТО планира да се справи со идни ризици“.

**ПРАШАЊЕ 9: Дали Планот за реорганизација подготвен од ТЕ-ТО и усвоен од доверителите е во спротивност на ЗС затоа што наводно не ги содржи во детали обидите на ТЕ-ТО да преговара за решение, како што е наведено во Мислењето на Костовски (во став 27)?**

127. Мислењето на Костовски во ставот 27 се заснова на членот 215-б, став (2), алинеија 4 од ЗС:

[91] Дејан Костовски, Стручно правно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), стр. 8, пара. 33

*„(2) Планот за реорганизација подготвен од должникот, покрај елементите предвидени во ставот (1) на овој член содржи и:*

*4) податоци за постапката за подготвување на планот за реорганизација, вклучувајќи ги податоците за испратени известувања, достапност на информациите на доверителите и текот на преговорите;“*

128. Исто така, ставот 27 од Мислењето на Костовски, се повикува на содржината на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје бр. 302-439 со датум 04.04.2018 година и на Одговорот на допис од ТЕ-ТО до Основниот граѓански суд во Скопје од 02.05.2018 година (Exhibit C-092). Релевантен исто така е и Пречистениот текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје бр. 302-685 со датум 06.06.2018 година (Exhibit C-014).

129. Во консолидираната верзија на Планот за реорганизација, на страниците 92 и 93, под став 2.20 се наведени „Податоци за постапката за подготвување на планот за реорганизација, вклучувајќи ги податоците за пратените известувања, достапност на информациите на доверителите и текот на преговорите“[92]. Покрај тоа, во Планот за реорганизација се доставени изјавите на мнозинството доверители од секоја од двете групи (обезбедени и необезбедени доверители) дека ќе гласаат за прифаќање на Планот. Во групата на обезбедени доверители, доставена е изјава од Ландес Банк Берлин, (со 95,86% од обезбедените побарувања) (на стр 520). Во групата на необезбедените доверители, доставени се изјави од: Битар Холдингс (со 66,61% од необезбедените побарувања) (стр. 613), ТЕ-ТО Гас Трејд ДООЕЛ (со 0,56% од необезбедените побарувања) (стр. 621), Балкан Енерџи Секјурити ДООЕЛ кој има 0,04% од необезбедените побарувања (стр. 623) и Балкан Енерџи Груп (со 0,17% од необезбедените побарувања).

130. Мое мислење е дека планот за реорганизација има вклучено информации за преговорите, како што се барано од Член 215-б, став (2) алинеја 4 од ЗС.

**D. Побарувањата на доверителите на ТЕ-ТО биле третирани во согласност со македонското право**

**ПРАШАЊЕ 10: Дали стечајниот суд погрешно одлучил кога го одобрил планот за реорганизација кој го вклучува долгот на ТЕ-ТО кон ГАМА, откако претходно Основниот граѓански суд го укинал решението на Нотар Снежана Видовска за одобрување на извршување на долгот?**

131. Не. Според моето мислење, стечајниот судија не згрешил со вклучувањето на долгот на ТЕ-ТО кон ГАМА во одобрениот план за реорганизација.

132. Со Решение УПДР бр.2806/12 од 04.12.2012 година Нотар Снежана Видовска од Скопје се дозволува предложеното извршување на долгот на ТЕ-ТО кон ГАМА по основ на веродостојна исправа – фактура и се задолжува ТЕ-ТО да му плати на ГАМА износ од 5.000.000,00 евра со законска казнена камата и трошоци.[93]

---

[92] Пречистена верзија на Планот за Реорганизација на ТЕ-ТО АД Скопје бр. 302-685 од 06.06.2018 (C-014) стр. 93

[93] Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр.2806/12 донесено од Нотар Снежана Видовска, со датум од 04.12.2012 година (C-006).

133. На 13.12.2012, против вака донесеното Решение, во законскиот рок поднесен е приговор од страна на ТЕ-ТО од причини што ГАМА не ги извршил договорените обврски од склучен договор (спогодба за намирување) меѓу овие две страни, при што посебно спорел дека побарувањето на ГАМА не е втасано за наплата.[94]

134. По приговорот, пред Основниот граѓански суд во Скопје, спроведена е посебна парнична постапка од чл. 417 до 428 од ЗПП, по што Основниот граѓански суд во Скопје како првостепен парничен суд донел Пресуда 50 ПЛ1-286/13 на 04.05.2018, со која приговорот на ТЕ-ТО се уважува и Решението УПДР бр.2806/12 од 04.12.2012 година Нотар Снежана Видовска од Скопје се укинува.[95]

135. И покрај тоа што побарувањето на ГАМА кон ТЕ-ТО било спорно и била во тек парнична постапка помеѓу ТЕ-ТО и ГАМА, сепак ТЕ-ТО ја евидентирал обврската кон ГАМА на износ од 5.000.000,00 евра во сметководствената евиденција и побарувањето на доверителот ГАМА исто така е евидентирано во предложениот План за реорганизација на ТЕ-ТО од 24.04.2018 година, дополнет на 02.05.2018 година.

136. Според моето мислење, со оглед на тоа што самиот должник ТЕ-ТО во предложениот План за реорганизација го признава побарувањето на ГАМА, стечајниот судија одлучил правилно кога во Решението бр. 3СТ 124/18 и 160/18[96] од 14.06.2018 година го одобрил Планот за реорганизација, со вклучено побарување на ГАМА во износ од 5.000.000,00 евра. ЗС[97] изречно предвидува дека за потребите на гласањето по изготвениот план за реорганизација, се смета дека сите обврски на стечајниот должник настанати пред поднесување на изготвениот план за реорганизација достасуваат на денот на одржувањето на рочиштето за гласање за планот. Согласно ова, дури и долгот на ТЕ-ТО кон ГАМА да не бил пристигнат пред поднесувањето од страна на ТЕ-ТО на неговиот Предлог за предстечајна реорганизација, по сила на член 215-д (1) од ЗС, тоа побарување би се сметало за пристигнато на денот на одржување на рочиштето за гласање по планот.

137. Понатаму, според член 144 од ЗС, стечајните доверители можат да ги остварат своите побарувања спрема должникот само во стечајната постапка. Имајќи ја предвид оваа одредба, произлегува дека доколку бил одобрен Планот за реорганизација на ТЕ-ТО, ГАМА не би можела да го наплати своето побарување надвор од Планот за реорганизација. Поради тоа, должникот ТЕ-ТО имал обврска да го вклучи побарувањето на ГАМА во Планот за реорганизација, а стечајниот судија правилно го одобрил таквото вклучување на побарувањето на ГАМА во Планот за предстечајна реорганизација на ТЕ-ТО.

138. Конечно, укинувањето на Нотарското Решение за одобрување на извршување врз основа на веродостојна исправа, УПДР бр. 2806/12 со Пресуда од 04.05.2018 година воопшто не е во корелација со одобрувањето на Планот за реорганизација. Укинувањето на Нотарското Решение би било релевантно доколку должникот ТЕ-ТО го спорел предметното побарување во стечајната постапка, што не е случај. Напротив, должникот ТЕ-ТО го вклучил побарувањето на ГАМА во Планот за реорганизација.

---

[94] Приговор од ТЕ-ТО против Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа УПДР бр.2806/12 донесено од Нотар Снежана Видовска, со датум 13.12.2012 година (C-040).

[95] Пресуда на Граѓанскиот суд во Скопје бр. 50 ПЛ1-286/13, со датум 04.05.2018 година (C-010).

[96] Решение на Граѓанскиот суд во Скопје, бр. 3СТ 124/18 и 160/18, со датум 14.06.2018 година (C-015).

[97] ЗС (R-10), член 215-д (1).

**ПРАШАЊЕ 11: Дали конечниот План за реорганизација од 6 јуни 2018 година го повредува македонското право со тоа што акционерите на ТЕ-ТО се ставени во иста класа со другите доверители со необезбедени побарувања или преку давање на еднаков приоритет на сите доверители во иста класа?**

139. Не, според моето мислење, како што ќе објаснам подолу, класификацијата на доверителите која е усвоена во Планот за реорганизација е во согласност со ЗС.

140. Мислењето на Костовски го усвојува ставот дека „ТЕ-ТО воспоставува две класи на доверители со својот План за реорганизација доставен на 6 јуни 2018 година и до Судот и до другите доверители, каде што првата класа ја сочинуваат доверители со обезбедени побарувања, додека втората група ги вклучува доверителите со необезбедени побарувања во кои се вклучени и акционерите на ТЕ-ТО. Оваа класификација на доверителите е спротивна на законските одредби кои предвидуваат побарувањата на акционерите да бидат третираани во понизок исплатен ред, односно посебна класа".

141. Во контекстот на стечајната реорганизација, ЗС не предвидува креирање на одделна класа за акционерски заеми. Согласно член 215-б став 1 точка 2) алинеја 2 од ЗС, во предстечајна реорганизација, планот за реорганизација подготвен од должникот треба да содржи:

> *„листа на доверители со* ***поделба на класи на доверители*** *и* ***критериуми*** *врз основа на кои класи се формирани*"[98]. (нагласување е додадено)

142. Спротивно на неговиот став во оваа арбитража, во неговиот Коментар на Законот за стечај, г. Костовски е јасен дека ЗС не наложува создавање посебни класи. Во однос на членот 215-б од ЗС, г. Костовски наведува дека „законодавецот предвидува можност за формирање класи на доверители исто како што е предвидено и за гласањето на предложениот план поднесен во стечајната постапка. **Формирањето на класи е можно, а не е и задолжително**. Класите на доверители кои ќе гласаат по изготвениот план за реорганизација ги предлага должникот."[99] (нагласување е додадено)

143. Така, ЗС му дава широка дискреција на должникот да го подготви планот во контекст на предстечајна реорганизација. Одредбите од ЗС во врска со планот за реорганизација во претходна постапка поднесен од должникот не наведуваат кои се критериумите по кои треба да бидат формирани класите на доверителите. Со други зборови, ЗС не ги определува критериумите врз основа на кои должникот треба да ја изврши диференцијацијата на доверителите по класи во предстечајна реорганизација.

144. Ова е целосно во спротивност со правилата според кои се спроведува т.н. "редовна" стечајна постапка (односно реорганизација на должникот по отворање на стечајна

---

[98] Самиот термин „класи на доверители" е нов поим во ЗС, за првпат воведен со измените од 2013 година, а се појавува само во член 215-б. Меѓутоа, во стечајната судска практика, термините „класа на доверители" и „група доверители" го добиваат истото значење. Затоа, според ова мислење, двата поима ги третирам како синоними.
[99] Дејан Костовски, Коментар на Законот за стечај, Скопје, јануари 2014 година, (R-9) стр. 657.

постапка). Членот 220 (кој се применува на т.н. постапка за „редовна" стечајна реорганизација) содржи задолжителни насоки кои мора да се применат при утврдувањето на правата на учесниците во планот за реорганизација. Во членот 220 (1) и (2) од ЗС предвидено е дека при утврдувањето на правата на учесниците во планот за реорганизација задолжително мора да се направи разлика меѓу доверители со право на одвоено намирување и на доверители од повисок исплатен ред, ако нивните права се засегнати од планот, додека другите доверители можат да се организираат во групи според нивните интереси. Во согласност со измените на ЗС од 2013 година со кои се регулира постапката за предстечајна реорганизација, изречно е исклучена примената на членот 220 од ЗС од оваа постапка[100].

145. Одредбата од член 215-б од ЗС која ја регулира содржината на планот за предстечајна реорганизација подготвен од должникот, нуди основа според која должникот треба да ја изврши поделба на доверителите по класи. Членот 215-б (1) 1) алинеја 3 предвидува дека:

> „*планот* за реорганизација подготвен од должникот особено треба да содржи *висина на паричните износи или имот кој ќе служи за потполно или делумно намирување на* ***класите*** *на доверители, вклучувајќи ги и* ***обезбедените и не обезбедените*** *доверители, како и средствата кои се резервирани за* ***доверителите на кои им е оспорено побарувањето****, постапка за намирување на доверителите и временска динамика на плаќањето*".

146. Членот 215-б (1) 2) алинеја 3 предвидува три класи на доверители, за кои со планот за реорганизација кој го подготвил должникот треба да содржи „висина на паричните износи или имот кој ќе служи за потполно или делумно намирување на класите на доверители". Тоа се: а) обезбедените доверители, б) необезбедените доверители и в) доверители на кои им е оспорено побарувањето (и кои треба да покренат парнична постапка за да се утврди нивното побарување).

147. Планот за реорганизација на ТЕ-ТО е подготвен во согласност со овие одредби. Во постапката по Предлогот за претстечајна реорганизација на ТЕ-ТО од 24.04.2018 година, во Планот за реорганизација подготвен од должникот ТЕ-ТО наведени се класите на доверители како и критериумите по кои се направени и согласно ЗС наведени се обезбедените како и необезбедените доверители. Првично поднесениот план од 24.04.2018 година (C-018) предвидел поделба на доверителите во три класи: Прва класа - Доверители со обезбедени побарувања; Втора класа - Доверители со необезбедени побарувања по основ на заеми и инвестиции и Трета класа - Доверители со необезбедени побарувања по основ на тековно оперативно работење на ТЕ-ТО.[101] Подоцна, по добиените забелешки од доверителите Гама, Комерцијална банка и Топлификација,[102] и поднесокот за изјаснување на должникот ТЕ-ТО по забелешките[103], како и по одржаното рочиште од 05.06.2018 година, во пречистениот текст на Планот за реорганизација од 08.06.2018 година (C-104), должникот ТЕ-ТО извршил корекции во класите на доверители, при што во Планот за реорганизација се предвидени само две класи на

[100] ЗС (R-10), член 215-д (6).
[101] План за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје (C-013), стр. 15-16.
[102] Exhibits C-097, C-098 и C-099.
[103] Поднесок од должникот ТЕ-ТО како одговор на забелешките на доверителот Гама, со датум 30.05.2018 година (C-100).

доверители: Прва класа - Доверители со обезбедени побарувања; и Втора класа - Доверители со необезбедени побарувања.[104]

148. Напоменувам дека во Планот за реорганизација нема оспорени побарувања ниту во основната верзија, ниту во пречистениот текст), поради што во истиот нема ни доверители со оспорени побарувања. За целите на стечајната постапка побарувањето на ГАМА претставува неспорно побарување. Неговата втасаност била оспорена од ТЕ-ТО (спорот бил за тоа дали побарувањето било условно или не, и дали условите за втасаност биле исполнети) во посебната парнична постапка за платен налог согласно одредбите од чен 417 до 429 од ЗПП, но постоењето на тоа побарување не било оспорено од должникот ТЕ-ТО во постапката за реорганизација и е вклучено во планот за реорганизација). Како што објаснив погоре, ова е конзистентно со ЗС, бидејќи ЗС предвидува дека сите непристигнати побарувања спрема должникот пристигнуваат со денот на отворањето на стечајната постапка: „Непристигнатите побарувања пристигнуваат со денот на отворањето на стечајната постапка"

149. Поделбата на доверителите во класи во Пречистениот текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО, каде критериумот за поделба е дали побарувањата се обезбедени или не се, во целосна согласност со одредбата од член 215-б, (1) 2) алинеја 3. Исто така, со оглед на тоа што во планот нема доверители со оспорени побарувања, опфатени се сите доверители на ТЕ-ТО согласно член 215-б (1) точка 2) алинеја 3 од ЗС. Одредбите од ЗС не предвидуваат одредба која би ја ограничила можноста содружниците/акционери да бидат опфатени во иста класа со останатите доверители со необезбедени побарувања во Планот за предстечајна реорганизација подготвен од должникот, поради што пречистениот текст на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО во претходна постапка, според моето мислење е во согласност со ЗС.

**ПРАШАЊЕ 12: Дали заемите од сопствениците на акции или удели се подведени под членот 118 од ЗС и дали членот 118 од ЗС се применува на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО?**

150. Не. Иако заемите од сопственици на акции или удели се наведени во член 118 од ЗС (и се ставени на дното на рангирањето на побарувањата според споменатата одредба), според мое мислење, и како што објаснувам подолу, тој член не се однесува на порамнувањето на доверителите во претходна постапка за стечајна реорганизација спроведена по план за реорганизација изготвен од должникот согласно со членовите 215-а до 215-г од ЗС.

151. Членовите 116-118 од ЗС пропишуваат одредени правила за рангирање на стечајните доверители.

152. Членот 116 (1) го предвидува основното правило за рангирање на доверителите во две категории:

- Прво, доверители од повисок исплатен ред; и
- Второ, доверители од понизок исплатен ред.

[104] Пречистен текст на план за реорганизација на Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје (С-014), стр. 28-29.

153. Членот 116 (2) од ЗС го прошишува дека „Побарувањата на стечајните доверители од понизок исплатен ред единствено можат да се намират дури откако во целост ќе бидат намирени побарувањата на доверителите од претходниот (повисок) исплатен ред. Побарувањата на стечајните доверители од ист исплатен ред се намируваат сразмерно на големината на побарувањата.".

154. Членот 117 од ЗС ги определува побарувањата од повисокиот исплатен ред (плати, придонеси од плата за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност и надоместоци за периодот од последните три месеци пред отворањето на стечајната постапка, обештетување за повредите при работа коишто работникот ги претрпел кај должникот, како и за професионални заболувања и неисплатени надоместоци на платите за времетраењето на неискористениот редовен годишен одмор за тековната календарска година).

155. Членот 118 ги определува доверителите од понискиот исплатен ред, и исто така го определува нивното меѓусебно подрангирање (приоритетот во наплата меѓу различните категории на побарувања во рамките на понискиот исплатен ред). Тој предвидува 5 различни категории на побарувања во понискиот исплатен ред:

1) каматите на побарувањата на стечајните доверители што пристигнале од денот на отворањето на стечајната постапка;

2) трошоците што за одделни доверители ќе настанат со нивното учество во постапката;

3) паричните казни за кривично дело или прекршок како споредни последици од кривично дело или прекршок со кои се наметнува обврска за плаќање пари;

4) побарувањата за бесплатна чинидба на должникот и

5) побарувањата за враќање на заем или друго соодветно побарување што го обештетува имотот на содружник, односно акционер".

156. Мислењето на Костовски во ставот 37 погрешно тврди дека членот 116 од ЗС ги рангира доверителите како: а) доверители со обезбедени побарувања или со одвоено намирување и б) доверители со необезбедени побарувања од повисок ред и од понизок исплатен ред. Како и да е, ако се погледне членот 116, на прв поглед се открива дека одредбата не ги регулира обезбедените побарувања. Тие не се предмет на рангирањето, бидејќи тие се намируваат одвоено од необезбедените побарувања, од приходите остварени од продажба на имотот на кој има обезбедување (членови 128-132 од ЗС).

157. Мислењето на Костовски не определува во која од двете категории на доверители според членот 118 (во повисокиот или во понискиот ред) ГАМА припаѓа. Тоа не е за изненадување, затоа што во членот 118 од ЗС не се вклучени „обичните" доверители со необезбедени побарувања. Во праксата на македонските стечајни судови „обичните" стечајни доверители генерално се смета дека спаѓаат помеѓу повисокиот и понискиот исплатен ред. Оттука, тие се повисоко од побарувањата од понискиот исплатен ред, но се сметаат за пониски одошто тоа се побарувањата од повисокиот исплатен ред.

158. Според моето мислење, членот 118 не се применува на предстечајната реорганизација. Членовите 116-118 од ЗС се операционализирани во посебните правила за намирување на доверителите од ЗС. Така, правилата за намирување на доверителите во ликвидација (преку продажба на неговиот имот и пропорционална распределба на добиениот износ) се предвидени во членовите 189-199 од ЗС. Правилата за намирување на доверителите во „редовната“ стечајна реорганизација се предвидени во членот 220 од ЗС, кој ги поставува правилата за групирање на доверителите во планот за реорганизација:

„ ***Член 220***

*(1) При утврдувањето на правата на учесниците во планот за реорганизација ќе се направи разлика меѓу доверители со право на одвоено намирување и на доверители од повисок исплатен ред, ако нивните права се засегнати од планот.*

*(2) Другите доверители можат да се организираат во групи според нивните интереси.*

*(3) Во рамките на секоја група доверители, на сите учесници мора да им бидат дадени еднакви права.*

*(4) Секој различен третман на учесниците кои формираат една група ќе бара согласност на сите заинтересирани учесници.*“

159. Наведената одредба налага примена на критериумите за рангирање од членовите 116-118 од ЗС на групирањето на доверителите во „редовниот“ план за реорганизација (при што кредиторите од повисок ранг се третираат во посебна група). **Меѓутоа, како што беше забележано, во контекст на предстечајната реорганизација, членот 215-д (6) од ЗС изречно ја исклучува примената на членот 220 од ЗС во поглед на определувањето на класите на доверители во планот за реорганизација.** Тоа води до заклучокот дека посредно, преку исклучувањето на пленот 220, ЗС ја исклучил исто така и примената на членовите 116-118 од ЗС при определувањето на класите на доверители во планот за реорганизација во предстечајната реорганизација. Ова е сосема разбирливо, бидејќи предстечајната реорганизација подрзбира намирување на доверителите во согласност со подготвениот план, каде постои неизвесност дали доверителите би имале подобри опции за намирување преку ликвидација на должникот и продажба на неговиот имот. Доверителите ја даваат својата согласност (преку гласање) во претходната стечајна постапка, и ако се постигне мнозинство, планот за реорганизација се одобрува и станува задолжителен за сите доверители. **Оттука, преку исклучувањето на примената на членот 220 на предстечајната реорганизација, ЗС имплицитно ја исклучил примената на членот 118 во поглед на формирањето на класите на доверители во планот за реорганизација.**

**ПРАШАЊЕ 13 : Дали Основниот граѓански суд погрешно одобрил одлагање на намирувањето на 10% од побарувањето на ГАМА и други необезбедени побарувања за 12 години?**

160. Со одобрениот пречистен текст на Планот за реорганизација,[105] предвидено е спроведување на Планот за реорганизација во период од 12 години. Точно е дека овој 12-годишен рок го надминува предвидениот временси рок од 5 години пропишан со член 215-б (1) 2 алинеја 13 од ЗС. Согласно член 215-б (1) 2 алинеја 13 од ЗС предвидено е дека рокот на спроведување на планот за реорганизација:

*„не може да биде подолг од пет години, освен во случај кога мерките за реализација на планот за реорганизација се однесуваат на предвидена отплата на побарувањата во рати,* ***измена на роковите на достасување,*** *каматни стапки* ***или други услови на*** *заемот, кредитот* ***или друго побарување*** *или инструменти за обезбедување, периодот на отплата на кредитот или заемот земен за време на траењето на претходната постапка или согласно со планот за реорганизација, како и роковите на достасување на издадените должнички хартии од вредност".* (подвлекувањето е додадено)

161. Членот 215-б (1) 2) алинеја 13 како основно правило предвидува рок на спроведување на планот за реорганизација од 5 години. Но, таа иста одредба јасно изразува дека таквото правило не е апсолутно. Има исклучоци во кои рокот за спроведување на планот за реорганизација може да трае и повеќе од 5 години. Меѓу другото, предвидено е дека рокот на спроведување на планот за реорганизација на должникот во претходна постапка може да трае над 5 години кога со Планот се врши:

**„измена на роковите на достасување,** каматни стапки **или други услови на** заемот, кредитот или **друго побарување** или инструменти за обезбедување . . .".

162. Побарувањето на ГАМА спрема ТЕ-ТО произлегува од Спогодбата меѓу ГАМА и ТЕ-ТО од 24.02.2012 година. Побарувањето на ГАМА спрема ТЕ-ТО од Спогодбата од 24.02.2012 година не може да се подведе под „заем", „кредит", ниту под „инструмент за обезбедување", но несомнено е дека може да се подведе под „друго побарување" од член 215-б, (1) точка 2) алинеја 13 од ЗС. Со Планот за предстечајна реорганизација на ТЕ-ТО, предвидено е намирување на побарувањето на ГАМА во различен рок и под поинакви услови од оние содржани во Спогодбата од 24.02.2012 година.

163. **Врз основа на тоа, сметам дека со одобрениот пречистен текст на Планот за реорганизација во претходна постапка на ТЕ-ТО можело да се предвиди рок на спроведување на Планот за побарувањето на ГАМА (и на другите необезбедени побарувања) подолг од 5 години, затоа што побарувањето на ГАМА може да се подведе под „друго побарување" за кое се менуваат „рокот на втасување", но и „други услови" со Планот, и со тоа се исполнети условите за примена на исклучокот од член 215-б (1) 2) алинеја 13 од ЗС и е дозволено рокот за спроведување на Планот за реорганизација во претходна постапка за тоа побарување да трае и подолго од 5 години.**

164. Затоа не се согласувам со Мислењето на Костовски, дека „рокот за извршување на планот за реорганизација е во спротивност со одредбите на Законот за стечај",[106] од следните

[105] Пречистен текст на План за реорганизација на ТЕ-ТО бр. 0302-685, со датум 06.06.2018 година (C-14), точка 2.6 на страна 44.
[106] Видете: Дејан Костовски, Стручно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), страна 8, став 29.

причини. Г. Костовски заклучува дека „Со оглед на тоа дека побарувањето на ГАМА не произлегува од договор за **заем или кредит**, рокот за спроведување на Планот за реорганизација не можел да биде подолг од 5 години."[107] (нагласувањето е додадено). Заклучокот на г. Костовски едноставно испушта дека согласно членот 215-б (1)2), алинеја 13 од ЗС кој е соодветно цитиран од него во параграфот 29 од неговото Мислење, не само побарувањата кои произлегуваат од договори за позајмица или кредит, се изземени од рокот за извршување на стечајниот план, туку и „другите побарувања или инструменти за обезбедување" се предмет на таквото изземање. Како што е наведено (во претходниот параграф), побарувањето на ГАМА потпаѓа под „други побарувања" и е исто изземено од 5-годишната временска рамка за спроведување на Планот за реорганизација. Од тие причини, нашето мислење е дека заклучокот на г. Костовски, дека временската рамка за спроведување на Планот за реорганизација на ТЕ-ТО не може да биде подолга од 5 години, е погрешен.

### Е. Исходот на редовната стечајна постапка на ТЕ-ТО би бил несигурен

**ПРАШАЊЕ 14: Доколку не бил одобрен планот за реорганизација на ТЕ-ТО, дали би била отворена стечајна постапка над ТЕ-ТО?**

165. На 24.04.2018 година, кога до Судот е поднесен Предлогот за спроведување на постапка за реорганизација во претходна постапка на должникот ТЕ-ТО, трансакциските сметки на ТЕ-ТО биле блокирани.

166. Согласно тековна состојба на сметка од НЛБ Банка АД Скопје почетната состојба на сметката на ТЕ-ТО е со салдо 0 (нула), истата е блокирана и има неподмирени обврски 1.339.936.354,00 денари. Согласно извештај за состојба на сметка од Комерцијална Банка АД Скопје состојбата на сметката на ТЕ-ТО е со салдо 3.046,00 денари истата е блокирана и нема неподмирени обврски. Согласно бонитет на сметка од Охридска Банка АД Скопје состојбата на сметката на ТЕ-ТО е со салдо 67.652,00 денари, истата е блокирана и има неподмирени обврски од 501.470,00 денари.

167. Видно од така поднесените извештаи од деловните банки каде ТЕ-ТО имал трансакциски сметки, ТЕ-ТО имал незначителен износ на парични средства, додека пак имал неподмирени обврски во износ од над 21 милион евра.

168. **Вака поднесените докази укажуваат на тоа дека, доколку не бил одобрен Планот за реорганизација на ТЕ-ТО, би била отворена стечајна постапка над ТЕ-ТО, затоа што од 26.04.2018 година ТЕ-ТО ги исполнувал двата алтернативно поставени услови за поведување на стечајна постапка од членот 5 од ЗС – имал блокирана сметка подолго од 45 дена и му се заканувала идна неспособност за плаќање на втасаните обврски кон доверителите.**

[107] Дејан Костовски, Стручно мислење, 25.11.2022 (CE-01 EN), стр. 8, параграф 30.

169. Дополнително, на ден 30.05.2018 година од страна на Топлификација поднесен е предлог за отворање на стечајна постапка, што укажува на извесноста за отворање на стечајна постапка доколку не бил усвоен Планот за реорганизација на ТЕ-ТО. Стечајниот судија го отфрлил предлогот на Топлификација АД со Решението за одобрување на Планот за реорганизација од 14.06.2018 година со извршена исправка на 17.07.2018 година, бр. "СТ-124/18 и 160/18, токму затоа што е одобрен Планот за реорганизација на ТЕ-ТО. Дури и ГАМА бил уверен дека над ТЕ-ТО сосема сигурно би била отворена стечајна постапка по Предлогот на Топлификација АД од 30.05.2018 година, затоа што биле исполнети условите за поведување на стечајна постапка од членот 5 од ЗС, како што е изречно наведено во Жалбата на ГАМА на Решението за одобрување на планот за реорганизација.[108] На страна 2 од Жалбата, ГАМА изречно наведува:

*„Услови за отворање на стечајна постапка во смисол на член 5 став 2 од ЗС постојат на денот на кој е поднесен предлогот за отворање на стечај од Топлификација АД Скопје заведен под СТ бр. 160-18 и истиот е основан, но стечајниот судија го отфрла.“*

**ПРАШАЊЕ 15: Доколку би била спроведена ликвидација на деловниот потфат, дали ГАМА би бил намирен повеќе од 10% од своето побарување спрема ТЕ-ТО?**

170. Мислењето на Костовски наведува дека „основано е да се очекува дека стечајната постапка со впаричувањето на имотот колективното намирување ќе биде поповолно за нив. "[109]

171. Ова мислење се базира на шпекулација. За да се дојде до евентуален одговор на ова прашање, треба да бидат земени предвид многу фактори, коишто пак зависат од разни внатрешни и надворешни влијанија и се разликуваат во секоја една стечајна постапка.

172. Најпрво, не може точно да се каже дали во отворена стечајна постапка доверителите обезбедени со залог, односно доверителите кои се обезбедени со имотот на стечајниот должник, ќе се намируваат внатре или надвор од стечајната постапка. Заложниот - разлачен доверител согласно Законот за стечај има право да „излезе“ од стечајната постапка и своето разлачно побарување врз основа на заложно право да го реализира надвор од истата.

173. Во овој случај, од продажбата на имотот во извршна постапка средствата за намирување ќе одат најнапред за разлачните доверители и не може да се знае однапред дали истите би биле во целост намирени и дали би останал остаток на средства за намирување на останатите доверители меѓу кои е и ГАМА. Оваа продажба на имот е во извршна постапка која се води надвор од стечајната постапка. И доколку разлачниот доверител остане да се намирува во стечајната постапка, од остварените средства од продажба на имотот, тогаш приоритет повторно имаат разлачните доверители.

[108] Жалба на ГАМА на Решението за одобрување на планот за реорганизација на Граѓанскиот суд, со датум 26.06.2018 година (C-104).
[109] Дејан Костовски, Стручно правно мислење, 25.11.2022 година (CE-01 EN), стр. 20, параграф 86

174. Приходите кои се добиваат од продажба на имотот на должникот, се исто така несигурни. Додека се изготвува проценка на имотот на должникот, се спроведува ликвидација на имотот во стечајна постапка преку наддавањето на електронска аукција, кое почнува од 0 (нула) и не може да се знае колкава би била понудата на одреден потенцијален купувач, доколку воопшто и се јави таков купувач. Имајќи на ум дека над одреден субјект е отворена стечајна постапка и со тоа самиот goodwill на тој субјект е намален, потенцијалните купувачи неретко нудат најмногу до 30% од проценетата вредност на имотот. Во ваков случај процентот на намирувањето на разлачните, а и на останатите доверители е неизвесен, и може да биде под 10% за необезбедените доверители. Доколку не се продаде имотот по две/три неуспешни продажби што е многу веројатно и често во пракса, со оглед на специфичната карактеристика на имотот на ТЕ-ТО (постројка и опрема), истиот имот би бил предмет на распределба меѓу доверителите, каде што повторно првенствено право имаат доверителите со обезбедени побарувања.

175. Врз основа на горенаведеното, сметам дека не може разумно да се заклучи дека ГАМА ќе беше во подобро сценарио доколку беше во постапка за ликвидација. Всушност, базирано на моето искуство, постои голема веројатност да при отворање на **стечајна постапка над ТЕ-ТО наместо да се спроведе предстечајна реорганизација, ГАМА би бил намирен и со помалку од 10% од неговото побарување спрема ТЕ-ТО.**

**04.04.2023 г.**
**С к о п ј е**

**Ацо Петров – овластен стечаен управник**

**ПРИЛОГ А**
**Curriculum Vitae**

## ИМЕ И ПРЕЗИМЕ:
Ацо Петров

## ДРЖАВЈАНСТВО:

Македонско

## ДАТА И МЕСТО НА РАЃАЊЕ:

23-ти Септември 1957, Република Северна Македонија

## ОБРАЗОВАНИЕ:

- Дипломиран правник на Правниот факултет „Јустинијан Први" (правни студии), Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, Република Македонија 1976-1983.

## ПОЗИЦИИ:

- Раководител сектор за правни и кадровски работи во Друштвото за градежни работи БЕТОН АД СКОПЈЕ (1983-2002);

- Стечаен управник во Република Северна Македонија (1996-)

- Основач на Друштвото за консалтинг услуги ПЕКОНС ДООЕЛ Скопје, што работи на бизнис и менаџментски консалтинг

активности  во рамки на деловното право, фокусирајќи се на стечајното право и стечајните постапки (2002-);

- Претседател на македонската Комора на стечајни управници (2007-2022).

**ПРОФЕСИОНАЛНИ АНГАЖМАНИ:**

- Стечаен управник во повеќе од 180 стечајни постапки над должници со различни видови на бизниси - агрикултура, градежништво, телевизија, прехрамбена индустрија, фармацевска индустрија, металургија и останати);

- Член на работна група од 2017-2021 формирана за подготовка на нов Закон за инсолвентност во Република Северна Македонија;

- Член на работна група формирана од Владата на Република Северна Македонија за предложување на мерки за унапредување на рангирањето на Република Северна Македонија во Извештајот Doing Business 2015 за Светска Банка во однос на легислативата за стечај;

- Предавач на многу работилници организирани од Комората на лиценцирани стечајни управник, Академијата за судии и јавни обвинители, Адвокатската комора, Комората на вештаци;

- Предавач на работилници организирани од Здружението на правници на Македонија;

- Предавач на работилници организирани од Управата за јавни приходи;

- Предавач за постдипломци по деловно право на Правниот факултет Јустинијан Први Скопје;

- Автор на неколку текстови на тема стечај во правното списание Правник за Здружението на правници на Македонија;

- Учесник и предавач на Меѓународната конференција за несолвентност и ликвидација во Скопје, Северна Македонија, 2017 година;

- Учесник и предавач на 6-та годишна конференција на INSOL Europe (Комитетот на источноевропските земји) во Темишвар, Романија (2010);

- Панелист и говорник на 2-та годишна меѓународна конференција на Српската агенција за супервизија на стечај во Белград, Република Србија, 2009 година;

**ЈАЗИЦИ:**

македонски, српски, хрватски


**ДОМАШНА АДРЕСА:**

ул. Франклин Рузвелт бр.1/3

1000 Скопје,

Република Северна Македонија

е-пошта:

petrovkonsalting@gmail.com

**ДЕЛОВНА АДРЕСА:**

ул. Костадин Кирков бр.9

1000 Скопје,

Република Северна Македонија

е-пошта:

pekons@yahoo.com